СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото  продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 март 1996 година

Скопје, март 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 40-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 7.03.1996 ГОДИНА**


1. АБДИ ФАИК - стр.45, 101
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 68
3. БЕЛЧЕВСКИ РУБИНЧО - 11
4. БОГДАНОВСКП ИГНАТИЕ - 13
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 67
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 54
7. ДИМОВ ЛАЗАР - 100
8. ЗИБЕРИ НАСЕР - 71
9. КАДРИУ ЗЕКИР -7, 65
10. МИНОВ ПАНЧО -83,90,94
11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 52, 58
12. МЕШКОВ ЉУПЧО - 71
13. МУСОВСКИ ФЕРИД - 81
14. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 80
15. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 96
16. ОСМАНИ РУФИ - 44, 55, 79
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 17, 38 (амандмани)
18. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА - 91
19. ПАВЛОВ БОРИС - 92
20. РАМАДАНИ САЛИ - 15, 20, 21, 22, 21, 25, 37, 41, 50
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 42
22. РУЖИН НАНО - 57
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 47, 99
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 55, 56, 57
25. ТОДОРОВА СОФИЈА – 2, 19, 20, 22, 23, 24, 25, 26, 30, 40, 50, 51 (аманд. расправа)
26. ТУДА РАМИ - 32, 36, 42
27. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 43
28. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 63, 64, 71, 86, 89
29. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 94
30. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 69

точка 3 – на стр.1
точка 4 – на стр.29
точка 5 – на стр.60
точка 6 – на стр.62
точка 7 – на стр.78
точка 8 – на стр.86


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 март 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Здравко Стојковски, Јаким Ивановски, Марјан Котлар, Николина Трајановска, Ратка Куљан-Зографска, Никола Г. Поповски, Персида Малинска и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **3-та точка** од дневниот ред - Предлог на закон за научноистражувачка дејност.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Софија Тодорова, министер во Владата на Република Македонија.

I/2.-СП/МЛ

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Конечно законот за научноистражувачка дејност во неговата последна фаза, а тоа значи во форма на Предлог на закон е на дневен ред на денешната седница на Парламентот. Велам конечно затоа што неговото донесување прилично се оддолжи. Во меѓувреме во настојувањето да се проектираат што посоодветни решенија имаше бројни консултации, усогласувања, договарања, преиспитувања и преоценувања на законските решенија со Македонската академија на науките и уметностите, универзитетите и научните институции. Следеа промени од нормативно техничката, па се до концептуална природа.

Во мерка во која што тоа беше можно и потребно се воспостави определена комуникација со решенија содржани во законот за високото образование кој е во постапка за донесување пред овој Парламент.

Со понудениот текст на Предлогот на законот за научно - истражувачка дејност се проектира квалитетно нова нормативна институционална рамка за организација и функционирање на системот на научноистражувачка дејност. Потребата од соодветни промени како на ниво на нормативна регулатива така и на ниво на реално функционирање во оваа сфера силно се чувствува веќе подолго време. Таа во основа е условена прво, од радикалните промени во сите сфери, впечатлив белег на времето во кое живееме кое ниту е можно ниту е пожелно да ја одминат оваа област.

Второ, од реално присутните проблеми во научноистражувачката дејност делумно условени и од присутниот правен вакум во регулирањето на значајни прашања од оваа сфера и

Трето, кое е од особено значење од аспект на развојот од потребата за создавање на неопходни претпоставки да се фати чекор со

развојните процеси во кои науката и научните информации продуцирани или трансферирани имаат третман на, во основа, нелимитиран развоен ресурс со висок ранг на значеше во матрицата на детерминанти на развојот. Се разбира, во изразувањето на односот и интересот на државата кон оваа значајна сфера, покрај решенија- та содржани во овој закон, од значење се и подзаконските акти кои ќе треба да бидат донесени, како и конципирањето и водењето на тековната и развојната политика во областа на науката. Но, притоа од особено значење е со воспоставувањето на таа рамка да се обезбедат услови и широк простор за изразување на слободата на научното творештво и автономноста на научноистражувачките работници како начела врз кои се потпира концептот на овој закон.

Почитувани пратеници, при расправата по Предлог на законот за научноистражувачка дејност би требало да се имаат предвид неколку факти.

Сериозен проблем при изготвувањето на текстот на законот и дизајнирањето на одделни решенија претставуваше отсуството на законска регулатива со која на еднообразен начин би се уредиле статусните прашања за установите, нивното основање, организација, управување, сопственоста, концесиите во нестопанските дејности, статусот на вработените, престанокот на работа на установите и слично. Овој закон, кој верувам, дека ќе биде донесен на оваа седница е меѓу првите закони со кои се уредуваат низа прашања во врска со остварувањето на дејноста на институциите статусно определени како установи што од своја страна ја сугерираше потребата од внимателен приод во физиономирањето на решенијата содржани во него заради нивно можно влијание на законските проекти што ќе следат, а ќе се однесуваат на регулирањето на другите нестопански дејности.

При изготвувањето на законот користени се расположливи сознанија за уредувањето на овој систем во одделни земји, но со воспоставување на нужна релација со нашата реалност.

Дозволете ми да укажам на најзначајните содржински елементи на проектот кој е пред вас.

Една од најзначајните новини што ги носи законот е определувањето на јавниот интерес на Републиката што ќе се остварува во научноистражувачката дејност. Во законот, само во глобални рамки, се определени подрачјата на научните истражувања кои се од јавен интерес. Тие, по правило, немаат препознатлив корисник како што се истражувањата од областа на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ и на националностите во Република Македонија или истражувањата кои се во функција на глобалниот општествено - економски развој на Републиката. Со нив се зголемува нивото на научните сознанија и се влијае врз концептот за трансфер на знаења од меѓународната научна заедница и оспособувањето и усовршувањето на научноистражувачкиот кадар, создавањето на научно- истражувачката инфраструктура имаат третман на јавен интерес во оваа дејност.

Конкретизацијата на развојните цели и преференции во научноистражувачката дејност од јавен интерес и можностите кадровски, материјални, инфраструктурни и други за нивно остварување низ среднорочна временска димензија ќе бидат утврдени со Програмата на научноистражувачка дејност, значаен документ кој ќе го донесува Владата на Република Македонија.

Со Предлог-законот се создава нормативна можност за суштински промени од институционален аспект. Покрај јавните научни установи основани од Владата на Република Македонија во сферата на оваа

дејност од јавен интерес можат да делуваат и научни уста- нови основани од физички и правни лица од земјата и странство, но со претходно добиено одобрение од Владата. Се разбира, доколку ги исполнуваат условите што се пропишани со законот.

Во сферата на научноистражувачката работа која нема третман на дејност од јавен интерес, покрај споменатите може да делуваат и други научни институции и што е значајно и самостојни истражувачи со кои законот посебно не се занимава, што е и логично имајќи го предвид начелото за слобода на научното творештво. Се разбира, нивното делување на слободниот пазар на научноистражувачката работа претпоставува почитување на минимум услови за сериозно и одговорно вршење на дејноста.

Во согласност со тоа е и пропишаниот начин на управуваше и одлучување во научните установи кој во голема мера е поедноставен и рационализиран. Притоа се поаѓа од уставната одредба според која сопственоста и трудот се основа во управувањето и одлучувањето со почитувањето на принципот на стручност и компетентност.

Поттикнувањето и помагањето на научноистражувачката дејност е исто така во согласност со уставната определба за посебен однос на Републиката кога е во прашање науката. Утврдениот јавен интерес треба да го има својот еквивалент изразен низ соодветна финансиска поддршка. Во таа смисла со овој Предлог-закон се предвидува обезбедување на средства од Буџетот со кои располага Фондот за научноистражувачка дејност, институција со интермедијарен карактер на релацијата држава - научноистражувачка институција и работници.

Она што во врска со содржината на законот треба посебно да се регистрира е создавањето на простор за далеку понагласено присуство

на конкуренцијата во научноистражувачката дејност и тоа на повеќе рамништа од што реално е да се очекуваат позитивни промени и поместувања. Можноста да се формираат научноистражувачки институции со различна сопственост на вложениот капитал, финансирањето на програми за работа и развој, а не на институции со затекната кадровска структура, конкуренцијата на истражувачките тимови за реализација на проекти содржани во програмата за научноистражувачка дејност, натпреварот меѓу научните работници во финансирањето на нивното научно усовршување и вклучување во тимови за реализација на одделни научноистражувачки проекти се значајни одредници во проектираниот систем за научна дејност. Тука е и можноста за селекција на кадрите што ја промовира овој закон особено изразена кај помладите научни работници кои всушност,односно низ кои всушност се вреднува нивната способност, афинитет кон научноистражувачката работа. Така научните соработници, помладите асистенти и асистенти заснoваат работен однос најдолго до 4 односно до 6 години по што тој работен однос престанува доколку не се исполнат потребните услови за избор во повисоко звање. Тоа треба да ги поттикне оние кои имаат намера да се занимаваат со истражувачка активност, но истовремено претставува ограничување за помалку способните и оние кои не ги постигнуваат очекуваните резултати.

Изворноста на научни звања е исто така една од можностите и механизам за селекција на научноистражувачкиот кадар и за надминување на состојбата на самозадоволство и автоматизам во стекнувањето на звањата што понекогаш и понекаде е присутна.

Ова е само дел од карактеристичните елементи содржани во текстот на законот, сметам дека тие можат да влијаат на подобрувањето на состојбите во организацијата и функционирањето на научноистра-

жувачкиот систем, во оспособувањето и усовршувањето на кадрите за научноистражувачка работа и во создавањето на научноистражувачка инфраструктура.

Вака обликуваната системска рамка, а се разбира заедно со политиката во оваа сфера и со неопходната позначајна финансиска поддршка ќе треба да резултира во зголемената творечка потенција и компетитивност на науката, научните институции и научните работници и нивно успешно интегрирање во меѓународни рамки.

Токму од овие причини,почитувани пратеници сметам дека понудениот Предлог на закон за научноистражувачка дејност треба да ја добие вашата поддршка. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Кадри.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, јас ќе се обидам со неколку збора да кажам нешто во врска со овој Предлог на закон за научно- истражувачка работа, односно научноистражувачка дејност.

Предложениот закон за научноистражувачка дејност кој особено е составен од неколку дела во суштина претставува еден мошне важен закон каде ќе се изградуваат односите, односно ќе се предложат за изградување посебни односи кон оние научноистражувачки работи кои се особено значајни за проучување на историскиот и културниот идентитет на националностите кои живеат во оваа заедничка држава.

Оваа област, бидејќи е во интерес на развојот на научно-истражувачка работа и во интерес на општествено -економскиот развој

на државата, би било добро да биде разобличена од разновидните појави кои во поранешниот систем, за жал, морам да констатирам дека беа многу оптоварени со доза на еднонационално дури и обвинуваше што во суштина една таква установа ниту е дозволена да се занимава ниту може како таква да биде именувана за да ја оживее именуваната престиж.

Тргнувајќи од тоа дека оваа област со закон се прогласи како јавен интерес каде усовршувањето и оспособувањето на кадрите од научноистражувачката работа кои се во функција и во интерес, додека на јавниот интерес е препуштено на програмата за научноистражувачка дејност, а критериумите и стандардите треба да бидат изградени токму во интерес на тој јавен интерес каде се повикуваме, а поимот јавен интерес по мое мислење опфаќа една поширока дејност во овој правец, односно на научни истражувања.

Понатаму се подвлекува дека истовремено законските услови претставуваат гаранција дека лицето кое треба или кое ќе ја врши дејноста како самостоен истражувач ги има потребните квалификации, има соодветни степени на стручна подготовка, стаж најмалку пет години во истражувањето на овие работи, да има програма за работа и слично. Тргнувајќи од тоа само ќе наведам две забелешки на членот 17 и членот 18 каде се кажува децидно. Како би се толкувале и членот 17 и членот 18 каде научноистражувачката дејност која законот не ја предвидува како дејност од јавен интерес можат да вршат покрај другите научни установи и јавни научни установи кои научни установи вршат дејност со одобрување и како се наведува на пример Македонската академија на науките и уметностите, факултетите и универзитетите, како и нивни дополнителни активности.

Факт е и тоа дека научноистражувачката дејност бара материјални средства и нормално луѓето кои се компетентни за овие работи имајќи ги предвид нивните квалификации, но колку ми е познато барем до сега немало луѓе од овие области кои се од други националности освен Македонците. Тоа е само едно, во другите научноистражувачки области и во ред други институции кои ги има Република Македонија околу 25, многу малку можат да се најдат.

Според тоа, и во тие управни одбори воопшто нема или ако ги има некаде тие се само формални.

Во врска со ова ќе дадам пример каде една категорија луѓе со титули магистри или доктори на науки не им се овозможува да бидат членови на овие институции и мислам дека еден дел од нив само нешто можат да стекнат или да бидат прифатени во овие институции, сите тие се распределени во разни други непрофесионални работи каде не им е местото.

Имајќи ја предвид оваа слика, надлежното министерство треба да припази на овие чувствителни работи за кои сите подеднакво партиципираме, фондот што е надлежен за оваа работа мислам дека е заеднички и свеста и одговорноста треба да бидат заеднички и исто така да биде поделена подеднакво.

Во однос на научноистражувачки работи нивно избирање и времетраење исто така треба да се има предвид структурата и квалитетот, а да не се подразбира само стекнување на работен однос или неколку пати реизбор, тоа го кажувам од причина што ретко се случува во овие области да доаѓа релативно млад човек кој е збогатен со нови современи спремности,кој би придонел за ова друштво и за оваа наука.

На крај, сите гореспоменати одредби од овој закон ако се поставуваат во улога на компетентноста, ќе дадат придонес само за науката и ќе се создаде најобјективна слика и ќе даде повеќе резултати отколку што во тоа ќе биде вмешана и политиката.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Рубично Белчески.

II/1.-

**РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници. Живееме во време на големи научно-технички достигнувања со тоа знаењето се шири со невидено темпо. Условите за такво рапидно ширење на човековото знаење постојано е подобруваат. Според тоа желбата за поголемо знаење фактички е вродена карактеристика на човековото суштество. Ова потреба не е присутна само кај одделна индивидуа. Таквата потреба ја чувствува и заедницата на национално ниво.

Научно - истражувачката дејност е област на човековото дејствување, која низ целокупната историја на човештвото води кон прогрес Но за научното творештво да биде квалитетно, неопходно е создавање на елементарни услови односно треба да се стимулира развојот на научните институции, а со тоа и на научно - истражувачката дејност, со што ќе се обезбедат научни достигнувања како основни фактори за развој на човештвото. Затоа треба да се залагаме за поголем обем на средствата од Републичкиот буџет наменети за научните институции и не само за нив, бидејќи постојат во РМ и културни институции т.е. институции од областа на културата, како што се заводите за заштита на спомениците, за заштита на културата и музеите кои, исто така, се занимаваат со научноистражувачка дејност, вклучувајќи ја и историја- та на македонскиот народ и националностите т.е. историјата на РМ.

Исто така треба да се стимулира и приватниот капитал, за вложување на научноистражувачката дејност со што интерес ќе си најде и приватниот вложувач и државата.

Научноистражувачката дејност преку научните достигнувања треба да обезбеди вклучување на Република Македонија во размената со

светските научни достигнувања, со што е неопходен и нов вредносен систем за оценување на резултатите од научноистражувачката дејност.

Како држава треба да водиме политика со специјални облици за поттикнување и стимулација на младите луѓе кои имаат квалитет и желба за научноистражувачка дејност, а сето тоа може да се постигне со доделување на со доделување на стипендии на таквите млади кадри кои понатаму ќе и возвратат на државата со својата научна дејност. Таков млад кадар во РМ има и треба да му дадеме шанса да се докаже и покаже.

Што се однесува до самиот закон за научноистражувачка дејност кој треба да предизвика развојни ефекти во корист на РМ, сметам дека е добар и во голема мера ќе ги регулира односите во оваа дејност.

Радува фактот што во член 7 од овој закон се утврдува јавниот интерес на Република Македонија во областа на научно - истражувачката дејност.

Мошне важно место во јавниот интерес заземаат истражувањата т.е. проучувањата на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ и националностите кои живеат во Република Македонија.

Не помалку важни се научните истражувања за општествено економскиот развој на РМ, потоа научните истражувања кои се во функција на подигање на научното ниво и трансферот на светските знаења, како и оние од областа на одбраната и безбедноста.

Добро е што јавен интерес претставува и оспособувањето и усовршувањето на кадрите за научноистражувачка работ аи научно-истражувачка инфраструктура. Се надевам дека тие кадри ќе бидат претежно млади луѓе за кои на почетокот говорев.

II/3.-

За одбележување е и главата 4 од законот, а која се однесува на поттикнуваше и помагање на развојот на научноистражувачката дејност. Имено преку Програмата за научноистражувачка дејност што ја донесува Владата на Република Македонија се обезбедуваат средства од Буџетот на РМ. Се надевам дека со формирањето на Фондот за научноистражувачка дејност и воведувањето на јавен конкурс за користење на средствата на истиот и можноста на другите субјекти кои се занимаваат со научно- истражувачка дејност рамномерно да конкурираат за средствата од фондот со што ќе се воведе правичност за доделувањето на средствата, а пред се ќе се цени важноста на проектот односно она што е интерес на Република Македонија.

Поради сето горе наведено, со надеж дека за научно истражувачката дејност, а со тоа и на научните институции и другите институции кои се занимаваат со научноистражувачка дејност доаѓаат подобри денови, со што науката ќе си го најде своето достојно место во развојот на РМ. Затоа го поддржувам законот и ќе гласам за истиот.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Овој закон за научноистражувачка дејност, ако се осврнеме малку ретроградно ќе видиме дека тој како квантитет направи доста продор во науката во РМ. Меѓутоа, и ден денес се среќаваме со еден критериум што во текот и на светските научно - технолошки истражувања многу тешко наоѓаат примена кај нас. Ние многу апстрактно, некогаш, во делот на научно - истражувачката работа и квантитативно работевме или уште и ден денес работиме, без да имаме некоја или релативно мала примена во денешната наука односно науката во нашиот секојдневен живот, во стопанството, технологијата и т.н.

II/4.-

Овој закон јас го гледам и од еден друг аспект. Ако досега беше како закон, како критериум за еден релативно по изразен квантитет на релативно млади кадри во научно истражувачката дејност, денес, сметам дека овој закон треба да понуди еден солиден квалитет односно млади научно истражувачки кадри кои ќе влезат во критериумот за научно истражувачката работа. Ние денес имаме плеада на млади дипломирани стручњаци во оваа Република склони за научно - истражувачка работа, меѓутоа, тоа се луѓе кои релативно тешко доаѓаат до можност да можат своите квалитети или својот труд да го пласираат во науката. Од тој аспект се залагам,а во контекст на законот за Универзитет, тоа е и една бреша отворање на еден критериум, вистинските научници, вистинските организатори, вистинските носители на научно - истражувачките проекти да бидат организатори кои ќе можат исклучиво да се посветат на воведувањето во научно - истражувачката работ ана млади кадри, тоа значи да бидат организатори после завршувањето на работниот век. Ова го потсетувам со оглед на една моја дискусија по повод законот за универзитетот, со што сит еони кои се чувствуваат способни, кои може да придонесат за научно - истражувачката работа се добредојдени во државата низ разни проекти и организации, после завршувањето на работниот век да можат да бидат носители, но не да биде тоа услов само да можат да останат во работниот век после она што е пропишано за Законот за работни односи. Уште еднаш се залагам само за квалитетен приод, за вработување на млади кадри во научно - истражувачките дејности, за отворање на перспектива и селекција на кадри кои ќе се појават затоа што воглавном во делот на науката таква како што ни е нашата денеска, ние бевме и еден критериум на релативно јако изразен квантитет, но поголем дел од научно - истражувачките проекти немаа своја непосредна примена во научната мисла односно во продукцијата на државата.

Од тој аспект јас ќе гласам за законот и сметам дека треба да се подржи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денес кога се работи за овој предлог на закон за научно - истражувачка дејност, очекував предлогот на законот да биде и од формално правен и од материјален карактер многу по совршен, по квалитетен проект, не толку обемен и подобро формулиран. Кога го велам тоа поаѓам од фактот дека предлагачот не само што имал претерано долго време на располагање, туку околу овој предлог ќе требаше да ангажира многу експерти кои , секако , ги има во државата и квалитативно и квантитативно. Наиме предлагачот во своето предолго образложение кое повеќе личи на слабо претендирано коментирање, на исто така слаб текст на авторот полн со контрадикторности и повеќе транскрипција до нивото на буквалноста наводи дека се консултирал со заинтересираните субјекти и најголем дел од нивните забелешки, предлози и мислења ги вградил во предлогот на законот. Меѓутоа, јас сметам дека надлежните институции и познати експерти не би составиле ваков контрадикторен текст, не само со Уставот, туку и со потребите од ваква важна дејност каква што е научно - истражувачката. По се изгледа дека се повторува истата слабост како и кај многу други законски проекти кои беа пред нас во изминатиот период. Тоа значи дека и консултираа, меѓутоа на крајот и не ги ферма. Тоа оди во прилог на досега познатите позиции и за начелните ставови околу овие слабости не би се задржал овој пат затоа што - мутати смутантис и силисе компарари, важи скоро во целина соодветната дебата што сум ја изнесувал во други прилики.

II/6.-

По овој повод би се задржал во своето излагање многу пократко отколку било кога.

Не ме зачуди фактот што се испуштени многу работи околу облиците на организирањето и управувањето во научно - истражувачката дејност и т.н. туку бедното набројување на начелата кои секако темелна појдовсност која треба да се уредува со овој закон, е за секаква критика и осуда и не може да се оправдува со ништо.

Во прв ред тука се работи за членот 6 кој толку е во спротивност со уставните одредби, така да резултира со тоа како да во, оваа држава не само што не живеат припадници на разни национални колективитети туку како да нема воопшто луѓе, како да нема народ, како да не постои ни македонскиот народ за кого во прв ред и по се изгледа и исклучително се предлага овој законски проект.

Во оваа мултиетничка, мултикултурна, мултиконфесионална и мултијазична држава научното истражување на подалекото и поблиското минато сегашното и проектирањето за иднината има и те како голема важност и начелно треба да се потенцира. Тука не само што не се елаборираат начелните одредби санкционирани во актуелниот Устав на РМ туку тоа се игнорира тотално и се оди до недозволената екстремност и како крајна инстанца се доведува до антиуставноста на овие институции. За тоа сум поднел и посебен амандман.

Понатаму, наместо гарантирањето на автономноста, слободата, заштитата, помагањето и слично на научно - истражувачката дејност, предвидени колку толку со актуелниот Устав, без никаква уставна подлога, Владата како и во безброј други прилики се поставува надредена и над научно - истражувачките установи како во апсолутистичките кралевски режими со надлежности на прави џандари. Значи и тука наместо деконцентрацијата на надлежностите и слободно дејствување на овие установи се репетицира контрадикцијата на

надлежностите на Владата, до максимум што е недозволен. За тоа на нај концизен начин сум се обидувал да интервенирам со еден заеднички општ амандман за неколку членови.

Во целиот свет научно - истражувачките институти работат или во рамките на Универзитетот или во тесна соработка со нив. затоа што имаат една иста цел или пак слична и поврзана. Според овој предлог на закон резултира како да Владата ги основа научно - истражувачките установи за себе и со нив може да прави се што сака, од основањето, управувањето и организирањето па се до бришењето односно укинувањето. Ова води експлиците и имплиците кон диктат држава.

Со овој предлог на закон се меша детално и во внатрешните работи на научно истражувачките установи до недозволени детали како и во надзорот, финансирањето и т.н. Затоа предлагам овој предлог на закон, како што е да се објави или пак да им се достави до надлежните установи, како што се универзитетите, Академијата на науките и уметностите на РМ и најпознатите стручњаци од разни области, а потоа во редовна процедура се до овој парламент.

Во новиот текст да се предвидат на таксативен начин научно - истражувачки установи за албанците и другите припадници на националните колективитети и посебно и заедно за сестрано научно - истражување, како што предвидува и самиот актуелен Устав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

II/8.-

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандмани на член 9, алинеја 2, член 16, членовите 17 став 1 и 18 став 1, член 17 став 2, алинеја 2 и на член 25 став 1 по кој Владата на Република Македонија не се произнела.

Комисијата за образование и наука поднесе амандман на член 42 став 1 алинеја 5, по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 7, за менување на став 3 и членовите 10 и 14, член 15 став 1, член 23, на дел 3 и на член 63 за бришење на став 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Илинка Митрева поднесе амандман на член 42 став 1 за додавање нов алинеја 6 и на став 2, по кој Владата не се произнела. Пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири,Зекир Кадриу и Руфи Османи поднесоа амандмани на член 6 за додавање нов став 3, член 8 став 2 член 10 став 1, член 15 став 2 член 27 став 1 и 2 член 30, член 31, член 34 став 2 и член 67 став 4 , за бришење на член 12, член 23 и на член 29 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ванчо Чифлиганец поднесе амандман на член 40 за менување на став 2.

Пратеникот Јане Ангеловски поднесе амандман на член 60 став 1, а пратеникот Нано Ружин поднесе амандман на член 7 за додавање нов став 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Зекир Кадриу, Хисни Шаќири и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Овој амандман кој се однесува на дополнување на начелата содржани во законот не се прифаќа од едноставна причина што станува збор за универзални начела кои се почитуваат во извршувањето на оваа дејност, се разбира неутрални од аспект на припадноста на национални колективитети на што во образложението на предложениот амандман, навистина, е чудно, преку начелата да се бара заштита за истражувања и изучувања во обласата на историскиот и културниот идентитет на одделни национални колективитети.

Само еден член понатаму, во членот 7 дури истражувањата во оваа сфера се прогласуваат како истражувања од јавен интерес и згора на тоа државата се определува за овој вид истражувања да формира јавни научни институции.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

За жал, и за оваа илегална Влада се е чудно, се не чини, па дури ни начелата, па и уставните начела кои се внесени во самиот Устав. И, што има да се разговара понатаму. Значи, барам оној минимум што е предвиден во Уставот, за да се гарантираат правата на националностите, и начелно, а потоа во другите членови да се обработуваат подетално како што се работи во другите закони, а не во овој закон, што ни е предложен тука.

Затоа мислам дека е излагањето на г-ѓата министерка односно што го брани овој став од законот е неумесен, ненаучен и тотално антиуставен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г-ѓа Тодорова

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Заради ова што беше кажано ненаучно и неуставно, јас реков, се државме на универзалните принципи кои треба да се почитуваат во научно истражувачката дејност, да не ги образложам, ги имате во текстот. После тоа се наведува и фактот дека научно - истражувачката дејност се заснива и врз начелата на неповредливост и заштита на личноста и достоинството на човекот, при што не го вклучуваме само човекот припадник на македонскиот народ туку и на припадниците на националностите. Ако вие поинаку мислите тогаш поднесете амандман. А, веднаш после тој член доследно се вели кога станува збор за определување на подрачја кои ќе бидат од посебен интерес, прогласени како јавен интерес на проучување, на заштита, на истражување, дословно се вели дека тоа ќе биде и подрачјето на националниот и културниот идентитет на македонскиот народ и националностите кои што живеат во Македонија.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Начелните одредби на овој Устав не се поникнати тука, во Македонија, тие се на одреден начин пренесени од други меѓународни норми, меѓутоа не се спроведуваат. Јас еден ден ќе ви донесам тука една серија на меѓународни правни норми од картата на Обединетите народи, па се до разни други конвенции и да ви докажам дека не сте во право дека правата на националностите во оваа Република треба да се почитуваат, а не со повикување на тие норми, истите да не се спроведуваат во практиката. Значи, Уставот каков таков иако е антиалбански расположен, сепак има некои нови начела кои да се спроведат во практиката не би било лошо, само за жал тоа кај нас не е случај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира Уставот е на Република Македонија.

Дали некој друг бара збор? (не)

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Сали Рамадани и Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нов став 4 поднесен од пратеникот Нано Ружин.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам,

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2, член 10 став 1, член 15 став 2, член 27 став 1 и 2, член 30. член 31, член 34 став

став 2, и член 67 став 4 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа затоа што очигледно не е разбрана концепцијата на законот заради образложението во амандманот. Тоа воопшто не е во надлежност на Универзитетот да може да формира јавни научни институции, во Универзитетот со слободно изразена волја, асоцираат можеби сите а можеби и дел од нив институциите кои ги формира Владата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Па, сигурно, не е научна установа Универзитетот туку Владата. Видете, јас поставил тука еден амандман за многу прашања затоа накратко само нешто ќе додадам во ова образложение, значи на секаде каде се работи за Владата која врши и те како недозволен, незаконски нехуман надзор над овие установи, барем тоа да биде една таква институција каков што е Универзитетот, па можев лично во друг случај да биде и академијата на науките. Затоа само би додал на ова образложение уште овој текст: во Уставот на Република Македонија не пишува дека Владата донесува одлука за основаше на јавна научна установа, ниту дека Владата дава одобрение, ниту дека во Советот на јавната научна установа делегира, односно определува три претставници, ниту дека треба да дава согласност на одлуката на избор и разрешување на директор на јавна установа, ниту согласност за Статутот, ниту да донесува програма за научно - истражувачката дејност како што се обидува Владата во својот предлог да се наметне и овој пат. Напротив во членот 46 став 1 од Уставот дословно пишува:"На Универзитетот му се гарантира автономија, додека во членот 7 став 1 се гарантира слободата на научното, уметничкото и другите видови творештва.

III/4

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 2 , член 10 став 1, член 15 став 2, член 27 став 1 и 2, член 30, член 31, член 34 став 2 и член 67 став 4 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руси Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 9 алинеја 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Тодорова

**СОФИЈА ТОДОРОВА :**

Амандманот не се прифаќа.

Станува збор за јавните научни установи кои треба да исполнат определени критериуми за да бидат запишани во регистарот на Министерството за наука. Во оваа алинеја станува збор за бројот на научници и соработници кои би биле вклучени во научната установа, се разбира како минимум на нивниот број. Одевме поведени од праксата, од искуството и од состојбите што ги имаме во РМ за она што значи формирање на едно нужно јадро кое би гарантирало квалитетно извршување на оваа дејност посебно во сферата од јавен интерес. Намалувањето на бројот на предвидените научници и соработници навистина тоа не би го гарантирале. Во светот постои искуство дека јадрото на научници во една научна институција треба да изнесува некаде околу 40-тина научници и соработници . Кај нас тоа ниво е некаде околу 15-тина. Со ова правиме обид да го зголемиме тоа ниво што, се разбира, комуницира со соодветна политика за поддршка на

усовршувањето на научно - истражувачкиот кадар.

Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 алинеја 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Тодорова

**СОФИЈА ТОДОРОВА:;**

Амандманот не се прифаќа, затоа што не е точно дека содржината на ставот 2 од член 12 нема никаква врска со Законот како што се вели. Уште помалку пак е направена грешка во печатницата, како што се вели во образложението. Станува збор за научно - истражувачката дејност која се обавува на факултетите, значи на високообразовните институции и во МАНУ. Сите други прашања во поглед на организацијата статусот, финансирањето, изборот на членови и звања ако станува збор за факултетите се уредува како материја со друг закон. Но, овде велиме дека она што се однесува за научноистражувачката дејност се однесуваат одредбите на овој закон. Овој закон како што гледате и по самиот назив не е закон за институциите туку Закон за дејноста, научноистражувачката дејност која е присутна и на високообразовните институции и во Академијата.

**САЛИ РАМАДАНИ;**

Бидејќи и претходното образложени нема ни уставна ни законска подлога понатамошните амандмани, протестирам, и истовремено ги повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Дали сите други поднесувачи на амандмани ги повлекуваат, бидејќи ова е заеднички амандман. (да)

Ги повлекувате? (да)

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа. Овде Владата односно државата изразува спремност да овие сфери во кои не може да се издава одобрение за вршење на дејноста ќе ги покрива со јавни научни институции, се разбира тоа дополнителна грижа и материјално оптоварување, но и интерес на оваа земја да ги покрива истражувањата набележани во членот 16.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати,

III/7

Отворам претрес по амандманот на членовите 17 став 1 и 18 став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што го нарушува концептот на законот за разграничување на научноистражувачката дејност од јавен интерес и останатата сфера каде што може да се истражува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 17 став 1 и 18 став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати,

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2 алинеја 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-га Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа со истата аргументација која ја дадов и за не прифаќањето на интервенцијата во членот 9 а се однесува на намалувањето на бројот на научните работници и соработници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7 пратеници гласаа за)

III/8

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член I 17 став 2 алинеја 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Овие се повлечени сите, нели, г-дине Рамадани? (да)

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата амандманот го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 алинеја 5 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Има збор г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

III/9

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 за додавање нова алинеја 6 и на став 2 поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 поднесен од пратеникот Јане Ангеловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

(Министерот Софија Тодорова од место укажува дека се прескокнати два амандмани од Законодавно - правната комисија).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на Законодавно - правната комисија со следнава содржина. Во член 7 став 3 се менува и гласи: за остварување на работите од став 1 и 2 на овој член Владата на Република Македонија донесува програма за научно истражувачка дејност на Република Македонија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 63 став 3, односно во член 63 ставот 3 да се брише.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали некој е против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници).

Констатирам дека <u>Собранието го донесе законот за научно истражувачката дејност.</u>

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за Македонската академија на науките и уметностите со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор Софија Тодорова министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дозволете ми само неколку укажувања во врска со предложениот закон за Македонската академија на науките и уметностите. Станува збор за значаен закон со кој се уредуваат низа прашања што се однесуваат на статусот, финансирањето, изборот на членови, нивните права, органите на академијата на науките и уметностите, институција која низ своето близу 30-годишно постоење стана репрезент на највисоките достигнувања во областа на наука и уметностите вклучувајќи го во својот состав истакнатите научници и уметници чиј творечки опус е пошироко признат и високовреднуван. Поради фактот што станува збор за мали, да кажам незначителни само неколку суштински измени во однос на постојната законска регулатива, значи не е сложен и обемен закон. Врз основа на членот 316 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија Владата предлага на оваа седница на која е доставен и Предлогот за донесување на закон да се расправа и по Предлогот на законот.

Искуството од досегашното функционирање на Македонската академија на науките и уметностите како и одделни решенија содржани во законите на академиите на други земји ја сугерираа потребата од донесување на овој закон. А ако се има во вид фактот дека постојниот закон е донесен во 1967 година веќе неколку години е актуелна и потребата од неколку како што реков суштински, но и определени термино-

лошки усогласувања со новиот Устав и со правниот систем на земјата. Содржината на предложените решенија од законот низ повеќе работни средби е усогласен со Македонската академија на науките и уметностите. Со нив се воспоставува нормативна рамка која остава широк простор за изразување на слободата на научното и уметничкото творење на членовите на академијата во функција на проширување на вкупните знаења и унапредување на науката и уметноста во функција на збогатување на материјалните и духовните вредности основно начело кое се почитуваше при изготвувањето на законот. Најзначајна одредница во статусното определување на Македонската академија на науките и уметностите е нејзиниот третман како највисока и самостојна научна и уметничка установа во Република Македонија. Поради тоа што делува во сферата која се дефинира како сфера од јавен интерес за Републиката со овој закон таа се определува како јавна установа од посебно значење. Низ тоа всушност и се очитува една од најзначајните новини што ги содржи законот. Согласно ваквиот статус на академијата се дефинира и нејзината исклучително значајна и одговорна мисија во следењето и поттикнувањето на развитокот на науките и уметностите во утврдувањето на политиката на Републиката во овие области,во воспоставувањето, одржувањето и развојот на меѓународната соработка во областа на науките и уметностите. Се разбира Академијата обезбедува и услови за научна работа и уметничко творештво на нејзините членови.

Од аспект на новините што ги промовира законот посебно е значаен делот кој се однесува на членовите на академијата. Предвидени се следните категории на членови, редовни членови академици, членови надвор од работниот состав и почесни членови. Притоа, утврдени се условите за избор на членовите во секоја од овие категории.

како и постапката за вршење на изборот. Значи, со Предлог на законот не се предвидува дописен член на академијата. На потребата од укинување на оваа категорија укажува досегашната пракса на присуство на двете категории во работниот состав на Македонската академија како и искуството на најголемиот број на европски земји. По донесувањето на овој закон верувам на оваа седница дописните членови избрани според досегашните важечки прописи стекнуваат статус на редовни членови на академијата, се разбира доколку ги исполнат условите предвидени со овој закон. Донесувањето на овој закон се надевам ќе биде овозможено денес со Вашата одлука почитувани пратеници, кој претставува создавање на една од значајните претпоставки Македонската академија на науките и уметностите низ своето функционирање да се приближи, односно да ги достигне меѓународните стандарди и критериуми во негувањето и во понатамошниот развој на науките и уметностите, а преку нив и во обезбедувањето на развојот на земјата и создавање на научни и културни вредности кои достојно ќе не афирмираат и на меѓународен план.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**РАМИ ТУДА:**

Кога зборуваме за донесување на закон за македонската академија ан науките и уметностите со Предлог на закон јас би можел вака да го окарактеризирам овој предлог со неколку зборови:

Прво, дека во овој Предлог на закон нема научен, уметнички простор за да се бават и албанците и националностите со овој закон.

Друго, дека овој закон е ексклузивен, значи само за македонците.

Трето,овој на некој начин ги екскомуницира албанците и националностите, би рекол дури ги гетоизира и понатаму дека со овој

IV/5.-

Предлог на закон во самото образложение тоа е всушност дескриптивно. Кога се зборува за донесување на закон за македонската академија не науките и уметностите со Предлог на закон за највисоката и самостојната научна и уметничка установа во Македонија предлагачот кај образложението требаше да даде еден осврт, еден преглед па било да беше тоа летимичен преглед за истражувачките резултати на научната и уметничката дејност на академијата кои несомнено се евидентни.

Кога се зборува за причините поради кои се предлага донесувањето на нов закон за академијата наведено е дека постојниот закон на академијата за науките и уметностите донесен е во 1967 година, дополнет после 10 години, значи во 1976 година односно во 1978 година, што значи ние расправаме за донесување на закон за академијата на науките и уметностите после три децении. Кога се има во предвид ова и кога се има во предвид дека во нашето општество се направени доволно и крупни би рекол вака измени во однос на општествениот развој, па дури би рекол и во сите области на општествениот развој не се сомневам во тоа дека за авансирање за научната мисла и уметничката мисла во доволна мера допринела оваа највисока научна установа. Меѓутоа, за мене е битно да знаеме за сегашната состојба на науките и уметностите, за научно истражувачката и уметничката дејност и кадровската политика и сегашната состојба на нашите членови на академијата за состојбите на истражувањата во областа на културното наследство, уметничкото остварување и друго што е од посебен интерес за Републиката.

По мое мислење и убедување време е демократијата и плурализмот да тропнат и на вратите на академијата на науките и уметностите на Македонија.

IV/6.-

Во член 3, алинеја 3 се употребува категоријата политика, односно се вели: академијата соработува во утврдувањето на политиката на Републиката. Во науките и уметностите место тој термин мислам дека би можел да се најде некој поадекватен термин, да претпоставам терминот: смерниците, интенциите, или пак некој друг адекватен термин со цел да избегнуваме од тоа да се на некој начин политизира и науката. Ние често пати и секогаш зборуваме дека науката не треба да се политизира, науката е наука, уметноста е уметност и не треба да се мешаат работите. На две места тука се употребува овој термин "политика". Мислам дека науката не треба да биде инструмент на политиката. Политиката е политика, науката е наука.

Во параграф четири се вели: академијата поттикнува, координира, организира и врши научни истражувања. Јас мислам дека тука би требало да се додаде дека во областа на материјалното, духовното и културното наследство на македонскиот народ и албанците и на другите националности. Карактеристично е што во овој предлог за донесување на закон за македонската академија на науките и уметностите со Предлог на закон никаде не се употребува терминот македонски народ, односно нацијата. Јас мислам дека тоа не е без некоја намера вака тоа избегнато. Изгледа тоа е со намера за да не се употребува воопшто категоријата националности. Колку што јас успеав да го прелистам никаде во овој закон дури не се употребува терминот националности.

Сакам да се задржам малку на самото образложенија. И на Комисија расправавме и јас дадов некои мои забелешки и мои видувања. Образложението не содржи ништо за работата на нашата највисока научна, јавна установа. Јас би рекол дека требаше предлагачот да ги даде, односно требаше да се евидентираат резултатите за три минати децении на Академијата и требаше да се нагласат постигнатите резул-

тати на нашите почитувани членови на Македонската академија на науките и уметностите, а тоа би рекол дека на тој начин тоа не ќе беше никаква цензура, туку напротив ние ќе се гордеевме со постигнатите резултати, со делата, со ремек делата кои се во доменот на научниот делокруг на науката и уметноста на Македонија, или што ги прекорачуваат би рекол границите на научните вредности на Македонија.

V/1 НН/СЛ

**РАМИ ТУДА** (продолжение):

Ќе се запознаевме со тоа која е средната годишна возраст на нашите членови на Академијата, а посебно би се констатирало и тоа како досега на вратите на Академијата не влезе ниеден Албанец, ниту друг член од другите националности.

За нас пратениците интересно е и тоа да знаеме кои се научните проекти на Академијата, кои проекти ги реализираше МАНУ, кои предвидувања ги остварила и кои не ги остварила. Јас и за овој проблем барам одговор од министерката.

За мене малку се чудни и некои параграфи во самото образложение каде што се вели дека како нови задачи на Академијата се формулирани: разгледување на состојбата во областа на културното наследство и природното богатство, залагањето за оспособување и усовршување на научно - истражувачките и уметничките кадри; обезбедување услови за научно - истражувачка работа на членовите на Академијата. Воспоставување, одржување и развивање на меѓународната соработка во областа на науките и уметностите.

Овде е нагласено како нови задачи на Академијата, овие што ги наброив од самото образложение. Јас не би рекол дека овие задачи што се спомнати овде дека не биле задачи на Академијата и во минатото, односно во текот на трите поминати децении.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

V/2.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска имам една дискусија со наслов "Подобро составен закон, одамна не сум читал". Без никакви предрасуди и комплекси, што е вистина вистина е. Тоа значи дека јас не сум нихиелистички тотално расположен, негаторски, туку објективно, но бескромпромисно. Не само затоа што природата на овој закон е многу идентична со Законот за научно - истражувачката дејност, за кој гласавте и нема што да се елаборира поопширно, туку овој законски проект што се предлага за донесување, а потоа и како предлог на закон од формално - правен карактер е не само еден од најдобрите проекти кои ни се поднесени во изминатиот период, туку е најсовршен, многу концизен и јасен без оглед на тоа дека се пренесени многу институции од исти и слични закони од европски и воневропски земји. Затоа составителот заслужува посебно признание и радознал сум повеќе отколку за било кој друг предлог на закон да ми е позната научната рака, под претпоставка дека во суштина главната е една. Меѓутоа, покрај така убав закон, идентичен на жалост со идентификацијата на оваа Влада, па со претензии и со оваа држава, т.е. Република Македонија, и оваа Академија према овој законски проект ни се појавува како унитаристичка, еднонационална и негаторска према другите национални колективитети кои живеат со векови на овие балкански региони, а посебно најмасовниот , како што е албанската. За да не се случи ова повторно, на жалост, во ниеден член и во ниеден збор не се спомнува ни зборот Македонци, а камо ли Албанци и др. Меѓутоа, од самиот наслов тоа се подразбира чија е оваа Академија. Значи, предлогот почнува со првиот збор на Академијата - Македонска, наместо со именката и тоа во генитив и со целото име на државата т.е. на Република Македонија, што ќе беше поадекватно и прифатливо за сите национални колективитети во Република Македонија. Затоа овој пат

за овој законски проект , бидејќи од формално - правна природа е скоро совршен текст не предлагам да се врати во повторна процедура, бидејќи нема ни потреба, туку да се прифатат предложените амандмани и тогаш ќе биде се во ред.

Во спротивно на Македонците оваа Академија нека им е за аир, им ја честитам и со овој закон досега за Албанците и другите кои живеат во Република Македонија, овој закон и оваа Академија не важат и не ги признаваат. Не ги признаваат и од една друга , односно слична причина што во оваа Академија нема ниеден член од редовите на Албанците, како они да не се присутни воопшто на овие простори.

На крајот, и покрај наведената дискриминација со децении, Албанците имаат кадри и во квантитет и во квалитет и како такви додека биде ваква и слична Влада, исто така ќе побараат и пронаоѓаат академски патишта и академии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

<u>Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Македонската Академија за науките и уметностите.</u>

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали е некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(5 пратеника)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

V/4.-

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(6 пратеника).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование и наука, поднесе амандман на член 24, за менување на став 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот. Комисијата за образование и наука поднесе амандмани на член 3, алинеја 5 и за менување на член 26 по кои Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, член 3 алинеја 1, член 9 став 1, член 14 став 1 и на член 27, за додавање нов став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 за менување на став 2 и на член 13 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Џеладин Мурати, поднесе амандман на член 14 за додавање нов став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сали Рамадани, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Руфи Османи, поднесоа амандмани на член 1, член 5 за додавање нов став 2 и на член 9 став 2 по кои Владата не се произнела.

V/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

Сметаме дека и називот на законот и називот на оваа институција се прифатливи. Таа веќе постои 30-тина година и со тој назив и име е воспоставена соработка со низа институции во светот и тоа воопшто не асоцира дека станува збор за Академија во која се истражува само нешто што се однесува за македонскиот народ ниту дека членови на Академијата се Македонци.

Низ текстот на законот сигурно забележавте дека никаде не се говори за национални колективитети. Тој е неутрален од аспект на тоа и можеби има вистина во она што г-динот , ми се чини Рами Туда спомна дека внесен е екслузивитет во определувањето на статусот на оваа институција, но не од аспект на преферирање, апсолутна застапеност на еден национален колективитет, туку од аспект на постигнување и достигнување на соодветни вредности во научното и уметничкото творење. Каде ќе ни биде крајот ако и овде донесуваме елементи на позитивна, на негативна дискриминација за застапеност на припадници на некој народ, на припадници на некоја националност. Квалитетот или достигнување на научното и уметничкото творење треба да биде единствен услов и единствен параметар за членство во оваа институција како највисока научно и уметничка куќа.

V/6.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да за некого се едно е, ништо не му смета, меѓутоа, на Албанците и на другите им смета. Зошто? За Македонците можеби е се едно, затоа што не го знаат Албанскиот јазик и не знаат како изгледа во превод. Значи ние како Албанци и другите националности во Македонија немаат ништо против оваа држава, значи да се вика Република Македонија. Она е наша заедничка држава, меѓутоа, кога се работи за вакви и слични институции, значи оваа придавка "Македонска" на албански значи многу нешто друго сосема. Затоа тоа мора да се надмине, а за Македонија не смета ништо, ако Академијата го носи името "Академија на наука и уметности на Република Македонија". На Македонците ништо не им смета, а на Албанците им смета многу. Тоа е јасно па затоа штом нешто не им смета на Македонците, а им смета на Албанците нека биде онакво име или онаков назив, како што не им смета на сите. И да бидат примени, предложени 100-тина Албанци во оваа Академија не се осеќаат рамноправно, слободно, добро. Затоа значи одат тие како Македонци. Тоа не иде. Затоа сметам да го лимитираме ние она Српска Академија на науки и уметности, затоа што во самата Србија, Јужниот дел нема многу Албанци. Косово е нешто друго. Или бившата Југословенска Академија знаности и уметности у Загребу. Значи ова нема врска. Ова е мултинационална, мултикултурна, мултиетничка држава, затоа називот кога да е ваков е инаку добар, вреден, правичен Албанец, нема да пристане, иако нема ни сега да биде член на оваа Академија. Значи ќе бара други патишта, тоа да ви е јасно, вие ги знаете нашите односи со универзитетот, ќе бараат нова Ака- демија, најверојатно не албанска, исто не чини и тоа, ќе биде тогаш на Албанија, него Академија на науките и уметностите на Република Македонија. Тука ќе бидат вклучени Албанците, Турците, Ромите, Бошњаците, Србите,

Бугарите и сите други кои живеат во Македонија, и така убаво да ви е јасно еден ден ќе имаме паралелно, точно сигурно да ви е јасно две академии на науки и уметности во Република Македонија.

**РАМИ ТУДА:**

Во мојата дискусија јас бев јасен. Реков дека има екслузивност во овој предлог на закон и тоа е точно. Јас ја прашувам министерката дали некаде овде се спомнува терминот националност и дали таму каде што се зборува дека Академијата ќе се бави со проучување, студирање на духовната и материјалната култура. Дали се спомнува и духовната и материјална култура и на националностите. Јас не најдов, па нека повели нека ви каже на која страница каде е. Со тоа значи ќе се види дека се исклучени националностите од овој закон. Како се исклучени тие јас не знам.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги, сакав од еден друг агол и по овој повод на овој амандман некои категоријални прашања само да ги истакнам.

При именувањето на институциите, организациите во државите имаме сега посовремени услови два приода и од тоа не треба да се бега, напротив треба да се проучуваат. Како што се две концепции за државите, дали во нив да доминира во се граѓанското или националното, така и во редот на именувањето на институциите, организациите, објектите, субјектите итн., имаме два приода. Еден кој што претежно сака конотацијата да му ја даде на националниот аспект, а другата се обидува конотацијата да биде на граѓанскиот, односно на поширок општ аспект.

V/8.-

Свесен сум дека не може едно име кое што со децении постои, денес на оваа седница по повод овој закон да се измени, меѓутоа, сакам да кажам дека меморијата уште е жива и дека оваа тема е расправана и при формирањето на Академијата. И тогаш беше истакнато дека можеби за условите на Републиката подобро е да се вика Академија на науките на Македонија. Затоа што оној имплицита и експлицита тогаш во самото име го изразува единството и заедништвото на целата Република и нејзиниот состав, национален итн., а од друга страна и за самото вклучување односно партиципирање, едноставно функционирање како највисока научна установа на Републиката, сите ќе се почувствуваат, така да кажам, посвојски во нејзе. Не сум наивен дека денес ова ќе го надминеме, но сепак сакам по овој повод да изнесам дека тоа мора да биде наша тема на постојано размислување и при именувањето на институциите и организациите во Републиката да го имаме пред се предвид граѓанскиот аспект на градењето на нашата држава, затоа што така нејзе сме ја дефинирале и во Уставот. А тоа и нас самите не ослободува од притисокот и оптовареностите на национализмот, што секој од нас помалку сакал или не сакал го носи, затоа што големи научници рекле дека и кај најголемите хуманисти , чучи по еден мал националист. Он само бара шанса да се изрази, па мислам дека, со оглед на нашиот состав и на нашето денес и на нашето утре, сме упатени на тоа , тој што чучи во сите нас да го потиснеме што подалеку од нас, а овој граѓанскиот, хуманитарниот и ова што е општочовечко повеќе го афирмираме.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, познато е дека Македонија е граѓанска држава. Кога зборуваме за терминот Македонци, јас мислам дека сосема е јасно дека тоа асоцира со припадност на

државата Република Македонија , односно со државјанство, Врската на граѓанинот со државата секогаш е посилна од етничката врска. Само на тој начин се покажува реалноста према државата. Од тука терминот Македонска, значи и асоцира висока врска на припадност на државата Република Македонија. Тука не е во прашање етничката врска, ниту за Македонците, ниту за Албанците. Вие се сеќавате кога овде г-динот Демирел, одржа говор, и кажа "Македонските Турци". Етничкото потекло си е едно, меѓутоа, сакаше да каже дека и тие се државјани на Република Македонија. Од тука оваа терминологија Македонска Академија на науките, Македонска Радио-телевизија.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе бидам сосема краток, бидејќи во оваа сала има доктори на науки по разни професии, па би сакал да ги слушнам аргументите за називот на Армијата на Република Македонија, кои се тие аргументи што Армијата на Република Македонија го има тој назив и кои се спротивните аргументи што сега Академијата на науките и уметностите на Република Македонија, не може вака да се вика, туку ќе мора да се вика Македонска Академија на науките и уметностите.

Значи, за ова би сакал образложение и за мене претставува преседан овде да седи Министерот за наука, а овие закони ги образложува неговиот претходник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По однос на второто, не е преседан, веројатно добивте информација Владата предлага за претставници на Владата по овие закони да биде г-ѓа Софија Тодорова и новиот министер. Се работи само за континуитет.

**ТИТО П(ЕТКОВСКИ:**

Збор има господин Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, колеги, јас мислам дека со овие поимови и со овие гледишта ние ќе се судираме многу пати и уште многу долго. Што значи македонска радио телевизија, дали е само на Македонците? Условно кажано. Што значи Македонска академија на науките и уметностите и други да не ги редам.

Граѓанскиот основ на државата е во членот 1 од Уставот на Република Македонија, преамбулата на Уставот на РМ, која што дава една широчина, што според преамбулата не одговара дефиницијата, уставната дефиниција на државата, но сепак тоа е граѓанска држава. Меѓутоа, ако се земе во обѕир фактот дека ние сме сега нова држава, има држави кои не признаваат како држава и има држави кои не признаваат како држава а не ја признаваат националноста, односно не го признаваат народот како македонци. И други нешта што се спротивни. Или едно признава друго не признава, или друго признава едно не признава.

Јас( мислам и кај нас ќе настане одреден временски период еден вакум од да не речам колку време, не сум некоја Ванѓа или "Вангла" јас така ја викам од Петриќ, сигурно ќе дојде денот кога овие работи ќе бидат секогаш јасни, затоа што јас едно време овде на првото свикување наше парламентарно, повеќепартиско, зборував дека јас не признавам дека има некој поголем македонец, затоа што ова е моја држава, тоа е Македонија и тн. Па, станува еден, Врапчето ли, како го викавме стариот, па вели господинот Фаик Абди се кити со туѓи перја. Машала, си велам, се китам со туѓи перја, а тој дошол не знам од каде па оваа Македонија

негова е. Јас сум во своја земја. Па и јас сум во своја земја и сега сум во своја земја и што понатаму.

Сакам да речам и покрај сето тоа што колегите од ПДП-А зборуваа по оваа материја, навистина интересно тоа е и е за размислување Предлог за донесување закон за Македонската академија на науките и уметностите, односно преведено Предлог за донесување на закон за Академијата на науките и уметностите на Република Македонија. Едно од друго се разликува во нешто, се> знае во што се разликува. Но, мислам дека временската дистанца ќе го направи своето. Треба да помине уште доста време да ни биде на сите јасно и на македонците да им биде јасно дека, ова се, да, албанци од албанско потекло македонци односно ромско потекло македонци, ама тоа од душа да се каже и навистина да биде така и нашиот економски и општествен развој да биде поинаков, а не како што пишуваат од Куманово дека таму ќе се запалат луѓето заради тоа што таа вода што тече таму никој не води сметка 50 години, 100 години таму. Кумановчани, Средорек, како се викаше таа населба.

Кога ќе ги имаме сите услови заеднички за живеење, тогаш сосема поинаку ќе разговараме. Сигурно од задоволство ќе биде поинаку.

Тргнувајќи од овие соображенија што сега зборував, јас сметам дека треба законот да се донесе и го поддржувам. Не би рекол дека е грешка она што некој бара односно што бараат колегите од ПДП-а. Не е тоа грешка. Треба време и за наше осознавање и за мое осознавање и за осознавање на македонците по род дека ништо нема да биде грешка и уште поубаво ќе биде како што они предлагаат. Но, времето ќе го покаже своето. Можеби ќе се заборавиме. Некаде читаме не е важна нацијата, националната припадност.

Ние сме се уште балканци. Колку и да сакаме, ова е Балкан и колку и да сакаме, тоа е најопасно место иако во Чеченија и и не знам каде,

Израел прави нешто односно Јасер Арафат и неговите, но тоа е тоа. Ние сме балканци. Многу тешко ги сфаќаме овие работи. Ако малку нешто измениме, веднаш зошто така било. Прифаќаме албанско. Е сега, дали они мислат албанско на Албанија на господинот Сали Бериша или на луѓето Шкиптари што живеат во Република Македонија или нешто друго они знаат. А јас знам зошто заради тоа што ова е Република Македонија. Тоа е тоа. И тие тоа име го имаат.

Ви благодарам што ме ислушавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Ако се направи некоја грешка случајно може да биде и прифатена. Меѓутоа, ако перманентно во континуитет се греши, значи не е грешка. Стратегија е или доктрина што би било уште поопасно.

Тука имаме закон за институција, врвна научна која што има име МАНУ, Македонска академија на науките и уметностите. Ние сега треба да дискутираме, не донесуваме нов закон затоа и се бара Законот да оди по итна постапка бидејќи во него се интервенира со некои мали измени, некои подобрувања што битно воопшто не го менуваат ниту статусот на таа инструкција ниту статутот, ниту положбата ниту затвореноста за се она што е висок,највисок научен потенцијал да биде вклучен во таа институција.

Правиме проблеми од секоја причина за да практично наметнеме нешто што не сакале да. го сфатиме и разбереме. Во основа треба да сфатиме дека сите граѓани на Република Македонија секаде се

македонци. Секаде, затоа што сите државјани на Америка се американци. А, потоа може да се дискутира и потеклото да биде дополнително објаснување. Треба ние да појдеме од оваа основа, тоа е основата. Друго, морате вие сите, можеби со исклучок на Ромите или Власите можеби, еве да речеме Ромите треба да имате разбираше за проблемите на македонците, затоа што и државата и идентитетот се најчесто оспорувани, се извинувам, поради државата, не познаваме друга држава каде што Ромите се вградени во највисоките акти на државата како што е Уставот јас тоа особено го респектирам и почитувам и мислам дека илузорно е да се објаснува дека јас сум ова или она. Секој граѓанин на оваа држава е македонец. Понатаму се друго е она што е променлива категорија, како што покажува историјата. Ние знаеме многу наши блиски пријатели кои својата националност или своето етничко потекло за овие 30, 50 или повеќе години го промениле два пати или три пати. Имаме и такви случаи. Има и тоа, присутни интереси, политика, се си прави.

Според тоа, да не правиме фама од оваа работа затоа што во краен случај тоа е афирмација на државата, не на националноста. Афирмација на државата дека Македонија како држава има академија која се вика МАНУ, затоа што МАНУ не може да има во ниту една држава освен во Македонија. Тоа е практично. Сите други имаат привилегија, има академии во сите други држави, соседни и подалечни. Ние таа привилегија господо, најкоректно ја немаме и треба да се избориме и за место под сонцето и за она што значат институции на системот. Добро е што во текстот никаде не се потенцира, иако некои ставија забелешки, дури не се потенцира ниту македонскиот народ на многу места, ниту националностите. Отворена институција за сите што живеат на ова парче земја наречено Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 алинеја 5 поднесен до Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа, се бара основање на определена секција во организационата структура на Академијата. Во Законот тоа прашање посебно не се разгледува. Тоа ќе биде статутарна материја. Меѓутоа и од досегашната пракса и што е логично, организацијата и организационата структура е поставена врз функционален принцип, а од друга страна се формираат и одделенија што проучуваат определени научни области. Меѓутоа, не и од аспект на тоа за која националност или национален колективитет истражувањата да се однесуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова оди во прилог на реченото и значи она, се бара некоја. секција, тоа значи дека посебно треба да се проучуваат работите, научните истражувања во Академијата. А она секција, не е ништо друго една нова академија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Руфи Османи.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа. Во Законот е поставена доста широка основа за предлагање и избор на членови на Академијата. Во една од претходните верзии беа само одделенијата на академиите, високо образовните институции и научните институти, после дојде до проширување и на научни и уметнички здруженија. Но да се дополни со терминот "здруженија" тоа би била, навистина, под таа сигнатура би можеле да се подведат здруженија од најразличен вид.

Заради тоа амандманот не се прифаќа, а и не се прифаќа ваквиот приод на огласување во дневниот печат за избор на академици. Постапката и технологијата навистина треба да биде поинаква заради карактерот и статусот на институцијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор бара господин Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Амандманот што е поднесен има два дела. Првиот дел се однесува за објавување оглас дека ќе се врши прием на редовни членови во Академијата на науките и уметностите, бидејќи во сите членови каде се обработува оваа материја не е објаснето. Вториот дел има едно објаснувачко и второ практично прашање.

Прво, да кажам дека денеска е 7 март. Веројатно сите знаете на овој денешен ден 7 март не беше прифатен ниту еден амандман на пратеници албанци. Ги имаше 20 или 30 и неколку. Беа прифатени сите амандмани од другите пратеници.

На денешен ден пред 109 години почна првото училиште на албански јазик во 1887 година во Корча. Овој ден денеска се прославува меѓу сите албанци и точно на овој денешен ден расправаме за два многу значајни закони, за науката. Но, за среќа или несреќа не беше прифатен ниту еден амандман а беа само дополнувања, продолжувања, дотерувања на законските проекти при што се залагавме да се бара и интерес и на албанците во овие институции.

Да искористам прилика на сите просветни работници албанци да им го честитам овој ден наречен Ден на учителите.

Вториот дел на амандманот има за цел да овозможи во Академијата на науките и уметностите да имаат можност да предлагаат и други субјекти освен тие што се набројуваат во членот 14 за можни членови на Академијата. Тоа што се пишува во членот, албанците немаат баш ниедна институција од која би биле предложени.

VII/1 ПЈ/ПН

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (Продолжение)

Прво, во комисиската расправа, широко расправавме и истакнавме, а јас дури имав и дилема да не згрешам дека нема ниеден член Албанец во МАНУ и бев демантиран од моите колеги дека навистина, ама нема, ниту имало член во оваа Академија од албанската националност. тоа е срамота, кажувам повторно срамота за овој 50-годишен развој да не се најде за сходно да биде примен еден член во редовите на Академијата. Или пак сите Албанци беа аналфабети, неписмени, или пак во целата оваа структура, барем немаше можност да се избира, но за среќа немал кој да го предложи. Нема член во Академијата, нема научни институции, нема универзитети, нема професори по катедрите и така тие остануваат на страна. Треба да бидеме загрижени за сето ова што се случува во оваа Академија, која навистина овде беа искажани најдобри зборови и од пратениците Албанци, како највисока врвна научна и уметничка институција. Го цениме, но бараме и наше присуство таму.

Од тие причини амандманот барам,да има можност за членови на Академијата да предлагаат и општествени организации и здруженија регистрирани на ниво на Републиката, членови, а тие здруженија се здружение на наставници на албански јазик и литература, друштво на наставниците без разлика на предметот, друштво или здружение на наставници по математика, биологија, хемија итн., да не ги набројувам, дури и уметнички здруженија на ликовни уметници, на музичари и тн.

Јас сум свесен дека овие здруженија го немаат атрибутот научно, но секако кога друштвата на наставниците за математика расправаат за одредени прашања, се разбира врз основа на наука расправаат, а не врз основа на ненаучно. Од тие причини, а бидејќи тие ги знаат луѓето кои

работат, а верувам дека има таков кадар кој може да се носи со проблемите на Академијата, за да се овозможи и тие да предлагаат.

Од тие причини и е првото дополнуваше на амандманот. Да се знае кога се примаат членови во Академијата. Јас ништо повеќе не сум барал, туку на секоја втора година да се објавува оглас, па овие здруженија кои не се присутни таму да знаат, па да имаат можност да предлагаат. Јас не прејудицирам дека мојот амандман нема да се прифати, но по инерција на нештата сигурно ќе биде отворен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, мислам дека денеска беше кажан некој поздрав за соседна Албанија, за Корча, претседателот требаше да реагира на Собранието. Мислам честитки и желби за друга држава овој Парламент не држи. Се оперира со терминот "нова држава", "Нова Македонија". И за тоа требаше да интервенира претседателот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не направи таков лапсус г-динот Мурати.

Г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само кратко, што се однесува до 7-март, г-динот треба да знае дека денот на учителот Албанец е ден кој важи за сите Албанци, независно дали живеат во Република Албанија, Република Македонија, Косово или во дијаспората.

Значи, тоа треба да ви биде јасно, пред се како општа култура и општо знаење дека секој народ независно дали живее во матична држава, дали живее во други држави има свети датуми кои свети датуми секогаш ги почитува и ќе ги почитува. Во таа смисла ова вие што го кажувате е испод секое достоинство не знак на ваше елементарно непознавање на работите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас молам за коректен однос меѓу пратениците.

Г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе и господо пратеници, ако зборуваме за култура, тогаш треба да си ги почитуваме прво нашите државни празници и се друго, а потоа да почитуваме на други народи. Според тоа, мислам дека и многу досега веќе се политизира. Се користи секој момент на оваа говорница меѓу редови да се вметне како Република Косово, ќе бидете вака, ќе бидете онака, мислам дека најкултурен дел од нашата соработка треба да биде и овде работа, да се почитуваме едни со други и да зборуваме за она што е тема. А да избегнуваме да подметнуваме некои работи кои не држат. Мислам не држат, прво, од аспект, како што рече г-динот пратеник од аспект на културата, а потоа и од се друго што значи процедура на изнесување и значење за тоа што го изнесуваме. Сега ние

имплицираме, на пример, кога ќе се зборува за "Република Косово", ние навлегуваме во некоја тема која се брка со меѓудржавни интереси и проблеми, кои тоа не е домен и тема на расправање. Значи, со такви нешта ние само ја доведуваме јавноста во една заблуда, за жал, ги конфронтираме сите Албанци кои живеат во Македонија, и кои се тука граѓани нас оваа држава. Тие граѓани што се на оваа држава кои живеат како добри соседи и сега преку тие наши лични препуцавања, или како да ги наречам тие изјави на некој начин создаваме и тензија надвор од овој Парламент. А сите ние, па и нашите почитувани колеги Албанци, инсистираат и зборуваат надвор во холовите дека сме ние непријатели.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Станковски, јас ќе ве молам да прекинете за тоа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Ова е многу важна тема. Јас се обраќам многу пошироко и сакам да кажам дека не смееме да ги манипулираме Албанците кои живеат во Македонија. Тие знаат кои државни празници си ги имаат, знаат кој е денот на учителите и на професорите и на оците и на владиките.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, на дневен ред е амандманот и дајте вие сами рековте на почетокот дека тоа не е тема, па ве молам држете се до темата.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Ќе завршам, значи, се обраќам до сите, не посебно до Албанците или до Македонците, до сите, таа тема веќе да ја симнеме од дневен ред и да зборуваме за темата која е на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласувам и ги молам сите пратеници, расправаме за амандманот.

За збор се јави г-динот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Добро, и јас од мое лично име им го честитам празникот на Албанските учители да си ја вршат својата работа најдостоинствено меѓутоа, се јавувам во врска со она што го кажа г-динот Мурати дека е срамота за Академијата на науките дека до сега не примил ни еден Албанец. Меѓутоа, сите забораваме дека до 80-те години целокупниот Албански потенцијал гравитираше кон Приштина. Претпоставувам дека голем дел од тој интелектуален потенцијал беше инструиран и примен итн. во таа Академија на науки.

Од друга страна веројатно дека постојат веќе луѓе кои во нашата држава кои исто така се Албанци, кои имаат одреден интелектуален потенцијал, резултати кои што, доколку тие резултати ги валидираат можат да се наметнат како кандидати за прием во МАНУ.

Инаку, јас лично не сакав да дискутирам по оваа тема, меѓутоа ние сме толку инструирани со политика, а инаку, МАНУ е една културна институција, меѓутоа, политиката е веројатно присутна секаде кај нас, и постојано наоѓаме еден личен предизвик да ја вмешаме политиката во културата. Па, во таа смисла сметам дека треба малку да ги стишиме

страстите и да не заборавиме дека живееме во иста држава, взаемно да се почитуваме без взаемни навреди.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Мурати реплика.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Само едно дообјаснување. Ако навистина мислите дека сите Албанци беа во Приштина, работеа во тоа време, додека работеше Универзитетот во Приштина, тие биле секако и граѓани на оваа Република. Ако сите тогаш биле таму, овде кој работел? Треба да ви тврдиме со аргументи, со бројки дека и во Македонија имало научни и уметнички кадри кои тука работеле и создавале, но не биле можни кандидати за прием во Академијата. Ако сакате јас можам да ви спомнам неколку имиња кои се врвни и научници и уметници и писатели. На крајот од 1972 година функционира и работи катедрата за албански јазик и литература при Филолошкиот факултет. Ако таму тие кадри не биле достоинствени и не заслужувале, еден од нив да беше, реков еден да беше, ќе имавме некоја оправданост, а исто така функционираше и делуваше Педагошката академија во рамките на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде исто така работеле доктори на науки кои имале публицирани и издавани дела од историја, јазик, идентитет, култура, па и од другите науки. Но, ете на некој начин само да објаснам дека имало, но затаил интересот, или, јас не би сакал да користам навистина термини недоверба итн. се надевам дека во иднина нема да има ваква состојба но сите заедно да придонесеме за афирмација на идентитетот, на културата, на науката, но заеднички,

рамноправно, бидејќи и државата ја сметаме заедничка и ја градиме како таква и сакаме таа да биде демократска за сите, за да функционира онака како што ја засакуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

11 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 за додавање нов став 1 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 26 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Тодорова има збор.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

5 пратеници се "против".

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Македонската академија на науките и уметностите.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување закон за одбележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на РМ и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на РМ, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, мислењето на Собранието на град Скопје и мислењето на Собранието на општината Титов Велес ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за обележување, уредување, и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на РМ и во странство, како и на припадниците на странските армии до поранешните војни на територијата на РМ.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање. (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да ес претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 13, став 1 и на член 15

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Зибери, министер за труд и социјална политика

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од ЗПК

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за обележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на РМ и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на РМ.

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

VII/11

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Г-динот Вељо Тантаров има збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со предлогот аз донесување на закон за изменуваше и дополнување на законот за материјално обезбедување на учесниците во војната за ослободување на Македонија, Владата на РМ преку воведување на неколку новини во оваа законска регулатива како така почнува да ги исправа многу од неправдите и што на овој план им беа нанесени на овие борци. Тогаш со еден чуден закон на нив им беа укинати дел од правата за материјално обезбедување, надоместок за нега и помош од друго лице и бесплатна здравствена помош.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Со законот што денес е на парламентарна расправа сигурно ќе бидат надминати овие неправди кон нашиве борци. Станува збор за оние што не беа досега материјално згрижени. Инаку, пред да го кажам моето мислење по Предлог-законот за донесување на законот за изменуван и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОБ од аспект на прашањето колку оваа материјална и социјална сигурност им е достапна на борците земјоделци, сакам да истакнам дека овој закон се однесува за борците што немаат никакви приходи и не се корисници на никакви пензии. Нивните месечни примања во декември минатата година изнесуваа 3.150 денари и се на границата на некоја социјална помош. Значи овој закон важи само за нив, за другите борци има други закони за вакви пензии.

Што ќе добијат борците со новиот закон за материјално обезбедување. Ќе добијат поголема парична помош која ќе се изедначи со најниските пензии во нашава држава и борците ќе имаат бесплатна здравствена заштита, ќе имаат право за надоместок за помош и нега и на крајот како што се вели во предлог-законот за изменување на овој закон овие боречки благодети ќе ги уживаат и децата и брачните другари по смртта на овие борци ако тие не се вработени.

Почитувани пратеници, се ова што го кажав овој закон им нуди само на борците што немаат никакви приходи или било какви пензии. Борците земјоделци кои што имаат макар и малку земја без разлика на големината на површината, квалитетот и реонот каде што се наоѓа оваа земја и без разлика дали земјоделците борци имаат 77 или 100 години возраст може или не може со толку натоварени тешки години земјоделски да работат, до овој боречки благодет сега за сега тешко доаѓаат, посебно оние на кои стариот систем им додели старосни земјоделски пензии чии месечни износи изнесуваат под 2.000 денари. На нив државата на име на старосна пензија и таканаречен боречки додаток

секој месец им исплатува по 2.205 денари, односно два-три пати помалку од социјалната помош, или пак близу 10 пати помалку од највисоката боречка пензија во нашата држава. До кога борците земјоделци и борците без никакви приходи што имаат боречки пензии во износ од 3.150 денари ќе бидат фрлени во ваквите боречки неправди. Кон борците земјоделци има и друга неправда. Тие иако се крстени како пензионери со старосни земјоделски пензии и боречки додаток кој што заедно изнесува 2.205 денари немаат право на бесплатно здравствено осигурување. Иако се мешани земјоделско - боречки пензионери се натерани да плаќаат задолжително здравствено осигурување една половина од пензијата што ја земаат не стига за ова здравствено осигурување. Кои пензионери освен земјоделците борци плаќаат здравствено осигурување? Никој. Срамота е да чуе Европа за оваа неправда.

Господа пратеници, што сторија борците земјоделци за Македонија сторија. Сега Македонија треба да стори нешто како сигурна социјална сигурност на стари години. На овој план нивните барања се скромни. Бараат изедначување на нивните пензии со најниските пензии во државата и враќање на бесплатна здравствена заштита што некој пред неколку години од не знам од кои причини им ја одзеде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господа пратеници, излегов на говорница само да кажам два-три збора во интерес на овој предлог-закон за изменување и дополнување на законот за материјално обезбедување на учесниците во НОБ, имајќи го предвид тоа дека овој предлог-закон обезбедува посебна заштита на

борците на антифашистичката војна и на сите национално - ослободителни војни на Македонија. Верувам дека со законот ќе се изнајде континуитет и ќе се утврдуваат и обезбедуваат одредени права и заштита на необезбедените борци кои за жал од 1992 година со донесениот закон за измени и дополнувања на законот за пензиско и инвалидско осигурување во конкретниот случај со промена, како што се наведува таму со "Службен весник број 45/92 година) на Република Македонија децидно на еден извесен број на корисниците на материјалното обезбедување им престана основата на материјално обезбедување заради тоа што беа корисници на пензија по прописите на пензиско и инвалидско осигурување, односно користеа пензија остварена по Законот за старосно осигурување на земјоделците.

Во врска со ова прашање, редот е оваа држава да постапи ако не друго, барем на овие луѓе што биле во тоа време главни одборници и што биле во првите редови во НОБ не само во сегашните граници, туку сите сме сведоци дека и опширно тие беа и на другите жаришни фронтови во бившите ЈУ-републики. Истовремено би сакал да додадам и тоа дека редот е на овие луѓе и на нивните семејства да им се возврати чесно барем со таа компензација колку ќе им следува, со тоа истовремено сакам да кажам дека надлежното министерство со нивните соработници што побрзо да им овозможи тоа право на некој начин да го користат. Инаку, измените на овие 14 члена што се предлага во суштина имаат повеќе карактер на терминолошко усогласување на Уставот на Република Македонија , новина во овој закон ми се чини дека има само во членот 5 на овој закон каде се предлага зголемување на износот на материјалното обезбедување на учесниците во НОБ, односно полниот износ на материјално обезбедување, а оние корисници што немаат приходи, или кои треба да се изедначат со минималната пензија, а намалениот износ на материјалното обезбедување што го имаат оние корисници што имаат минимални семејни приходи да остане како и

досега 70% од полниот износ во овој закон се обезбедува, покрај материјалното право и правото на здравствена заштита за условите и начинот утврден со прописот за здравствена заштита и некои други бенефиции, јас мислам дека во ред би било и тоа да го користат тоа право согласно со законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а веќе го сториле тоа право за нега и помош на друго лице, заради нивната тешка и здравствена состојба.

И на крајот без разлика што во образложението таму се наведе дека со донесување на овој закон треба дополнителни средства, јас сум на мислење дека овој закон треба да биде гласен од страна на пратениците, бидејќи е во интерес на таа категорија на луѓе кои сите верувам дека сме убедени чесно го заслужуваат.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Во принцип имајќи ги предвид целите кои се зацртани при предлагањето на претходната точка, како и на овој закон што се расправаме, а се разбира и за законот кој следи во следната точка, бидејќи се согласуваме со тие цели, во принцип ќе ги поддржиме сите три закони, но би сакал да дадам една забелешка во смисла на тоа што образложението за овој закон стои дека за извршување на овој закон се потребни средства во висина од некаде 34 милиони денари, исто така, за донесувањето и спроведувањето на законот кој ќе го расправаме во последната точка се предвидени некаде средства потребни вон буџетот некаде во висина од 57 милиони денари, со цел да бидеме до крај реални и чесни потребно е да заклучиме да им наложиме на Владата во најкраток можен период да предложи ребаланс на буџетот, со кој овие 91 ипол милион денари кој се потребни за реализација на овие законски проекти ги вградиме во Буџетот и да им дадеме шанса на овие закони да заживеат во реална атмосфера. Бидејќи доколку тоа не го направиме ќе

дојдеме во ситуација или да ги измамиме корисниците кои треба да го очекуваат спроведувањето на овие закони или ќе треба на незаконски начин, односно мимо буџетот да бараме пари за овие закони.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток, бидејќи сум известител на нашата

Комисија за труд и социјална политика и ние го прифативме овој закон и предложивме на Собранието без некои измени и дополнувања да го прифатиме, бидејќи овие измени и дополнувања се доста квалитетни и јас ако ви кажам дека за прв пат во овој мандат и во претходниот мандат веќе зголемуваме некој износ на одредена категорија граѓани, добро е да го следиме овој пат, така да оваа категорија на граѓани која своe времено примале минимален износ, сега веќе Владата иде во позитивна смисла и предлага дека нивното примање треба да биде најмалку во висината од најмалата пензија. Тоа е едно доста сериозно зголемување, наместо 80 веќе одиме во 100%, а за втората категорија што зборуваме земјоделци што имаат некој имот велиме дека треба да примат 70% од она останатото. Така да во тој дел мислам дека и нашите земјоделци и оние што ме слушат само можат да не пофалат и да не поддржат, заради тоа што го зголемуваме нивниот животен стандард преку ова материјално обезбедување.

Што се однесува за втората забелешка, ние на Комисијата продискутиравме за тој проблем и сакам да ве известам најконкретно, добро е што Тантаров го покрена тоа прашање, бидејќи не се работи само за делот на учесниците во НОБ, тоа е една мала бројка, меѓутоа, тука се однесува за 20-тина илјади земјоделски пензионери кои користат право на земјоделска пензија, според оној закон од 1979 година, ако се сеќавате оној парламент донесе закон измени и дополнувања и утврди дека тоа треба да изнесува 50% од најниската пензија и тоа го зголе-мивме во тој период. меѓутоа, што е заложбата сега на Комисијата. На

VIII/6.-

крајот на краиштата треба да биде тоа заложба и на нас сите пратеници овде во Собрание, а верувам и во Владата. Во која смисла? Да направиме напори тоа да го допрецизираме во Закон за пензиско и инвалидско осигурување и дел на Законот за здравствена заштита да кажеме дека сите овие корисници на минималната пензија користат здравствена заштита во рамките на законот за пензиско инвалидско осигурување, со тоа што државата треба да издвои средства од Буџетот за нивното финансирање. Ако тоа веќе го прифативме едниот институт како право, тогаш зошто да не го прифатиме и вториот здравствената заштита. Ако го гледате нашиот заклучок на Комисијата оди кон тоа што значи дека сега размислуваме истиот министер, истото министерство ни предложат измени и дополнувања на овој закон и тогаш ние практично ќе го разрешиме проблемот и ќе го подобриме статусот на овие лица. Така да еве нека биде ова и одговор на пратеникот Тантаров и мислам дека тука веќе одиме во еден квалитет. Добро е што го прифаќаме законот инаку да направам една забелешка, ние не го решаваме од денеска проблемот на материјално обезбедување на учениците во НОБ, тоа е еден континуитет од многу закони, сега вршиме сами квалитетна измена и дополнување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за усвојување на закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОБ.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали е некој против (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали некој е против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитувани пратеници, со оглед на бројот на пратениците би замолил да се провери дали имаме кворум и да се констатира при расправата кој закон со колку гласа е усвоен да знаеме точно дали има 40 гласа колку што е минимумот или не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи г-динот Шапуриќ се сомнева во кворумот да добиеме информација колку пратеници се присутни.

66 пратеници се присутни во салата.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес .

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Вељо Тантарот поднесе амандман на член 8 во нов член 10-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 10-а поднесен од пратеникот Вељо Тантарот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

VIII/8.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бар азбор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани патеници со овој амандман се предлага бесплатна здравствена заштита да уживаат и борците земјоделци кои што имаат старосна земјоделска пензија, која што реков изнесува некаде 1800 денари месечно + некаде 70% од полниот износ на оваа помош штом се дава на оние што немаат ништо. Би дошло некаде околу 2200 денари. Досега овие земјоделци немаат бесплатна здравствена заштита и како што реков пред малку половината од оваа пензија се должни половината од оваа пензија да ја даваат за здравствено осигурување. Јас ве молам да го поддржите овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Капацитетот на членот на законот мислам дека ги опфаќа двете категории што се однесува до здравствено осигурување тоа е прашање на пензискиот систем и таму се регулира и ке се регулира по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Мислам дека беше и од претходните дискутанти речено дека ова е навистина јас би рекол сериозен проблем, затоа што оваа категорија на корисници остануваат без здравствена заштита, меѓутоа по мое мислење тоа треба конкретно и целосно да се реши за целата категорија, затоа што би било нелогично и неправедно сега здравствена заштита на сите

тие што се во поодминати години од живот користат само овие што се учесници во НОБ, додека другите земјоделски пензионери кои што не се учесници би останале надвор од регулативата за користење здравствена заштита. Плаќањето на придонесот не е третман на законот за пензиско и инвалидско осигурување, заради тоа што е кажано, дека и пензиите на оваа категорија ги надоместува буџетот на Републиката, па според тоа Буџетот доколку изнајде средства да предвиди и такви пари со кој ќе биде платен придонесот за здравствено осигурување на оваа категорија на корисници, тогаш би бил проблемот целосно решен и здравствена заштита тогаш би користеле сите корисници на земјоделска пензија по стариот закон, а не само еден помал дел како да речам кој што се учесници во НОБ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници. Од последниот говорник беше спомнато дека користеле здравствена заштита. Морам да му кажам дека оваа категорија на осигуреници и досега користеше и понатаму ќе ја користи на сметка на солидарност, како што се работеше на работничкото осигурување. Друг е проблемот што треба да се постави овде и да се регулира со законски амандман. Секако дека предлогот што беше изнесен е издржан, но да се пласира тезата дека тие осигуреници понатаму ќе останат здравствено неосигурани и нема да им се пружи здравствена заштита, не држи. Да не дојде до забуна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (32 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 во новиот став 10-а поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Има збор господинот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Барам поединечно гласање. Молам 10 пратеника да ме поддржат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има 10 пратеника што го поддржуваат предлогот? (Има).

IX/2.-

Молам, заменикот на секретарот да помине на поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. Фаик Абди | за |
| 2. Газменд Ајдарага | не е тука |
| 3. Абдурахман Алити | за |
| 4. Јане Ангелоски | за |
| 5. Стојан Андов | за |
| 6. Бранко Арсовски | воздржан |
| 7. Горѓи Атанасов | не е тука |
| 8. Љупчо Беличев | за |
| 9. Рубинчо Белчески | не е тука |
| 10. Мерсел Биљали | за |
| 11. Игнатие Богдановски | не е тука |
| 12. Слободан Богдановски | не е тука |
| 13. Иван Бојков | воздржан |
| 14. Јордан Божиновски | не е тука |
| 15. Атанас Вангелов | не е тука |
| 16 . Абдуљади Вејсели | за |
| 17. Кире Видимче | за |
| 18. Димитрија Вревезоски | воздржан |
| 19. ААлександар Гештаковски | не е тука |
| 20. Илија Гоцевски | не е тука |
| 21. Туше Гошев | не е тука |
| 22. Владе Давитковски | против |
| 23. Санде Давчев | воздржан |
| 24. Слободан Даневски | за |
| 25. Лазар Димов | не е тука |

IX/3.-

| | |
|---|---|
| 26. Драган Ѓорѓиев | за |
| 27. Сами Ибраими | не е тука |
| 28. Љубосав Иванов | не е тука |
| 29. Мирко Иванов | за |
| 30. Александар Ивановски | воздржан |
| 31. Јаким Ивановски | не е тука |
| 32. Митко Илиевски | за |
| 33. Александар Јакимовски | воздржан |
| 34. Живко Јанкуловски | за |
| 35. Зеќир Кадриу | за |
| 36. Звонко Каров | за |
| 37. Илија Каров | за |
| 38. Стојче Ковачевски | за |
| 39. Борис Костаќев | за |
| 40. Славко Котевски | не е тука |
| 41. Марјан Котлар | не е тука |
| 42. Аце Коцевски | за |
| 43. Зоран Крстевски | за |
| 44 . Ратка Куљан Зографска | не е тука |
| 45. Јован Лазаров | воздржан |
| 46. Мирко Лазаревски | за |
| 47. Персида Малинска | не е тука |
| 48. Назми Маљичи | не е тука |
| 49. Ристо Марковски | за |
| 50. Ристо Масев | не е тука |
| 51. Љупчо Мешков | воздржан |
| 52. Дане Милошевски | воздржан |
| 53. Панчо Минов | за |
| 54. Драган Митевски | не е тука |
| 55. Илинка Митрева | не е тука |

IX/4.-

| | |
|---|---|
| 56. Бранирод Михајловски | за |
| 57. Џеладин Мурати | за |
| 58. Ферид Мусовски | за |
| 59. Слободан Најдовски | за |
| 60. Панче Насев | не е тука |
| 61. Димче Настоски | не е тука |
| 62. Славе Наумовски | за |
| 63. Ване Наумовски | за |
| 64. Симон Наумоски | за |
| 65. Марјан Начевски | за |
| 66. Јован Николов | за |
| 67. Душан Николовски | воздржан |
| 68. Ристо Николоски | за |
| 69. Руфи Османи | за |
| 70. Борис Павлов | за |
| 71. Тодосија Паунов | не е тука |
| 72. Тито Петковски | воздржан |
| 73. Мирко Пецов | воздржан |
| 74. Драгољуб Поповиќ | воздржан |
| 75. Димитрија Поповски | не е тука |
| 76. Љубомир Поповски | воздржан |
| 77. Никола Г. Поповски | не е тука |
| 78. Никола Р. Поповски | воздржан |
| 79. Абдурауф Пруси | не е тука |
| 80. Исмет Рамадани | за |
| 81. Сали Рамадани | не е тука |
| 82. Хисен Рамадани | за |
| 83. Митко Ристевски | не е тука |
| 84. Нано Ружин | за |
| 85. Благоја Силјановски | воздржан |

IX/5.-

| | |
|---|---|
| 86. Наум Симјановски | не е тука |
| 87. Владимир Соколовски | воздржан |
| 88. Кирил Спасовски | за |
| 89. Јован Србиновски | за |
| 90. Владимир Станковски | за |
| 91. Наќе Стојановски | против |
| 92. Пецо Стојановски | не е тука |
| 93. Томислав Стојановски | за |
| 94. Благој Стефановски | не е тука |
| 95. Благој Стојковски | за |
| 96. Здравко Стојковски | не е тука |
| 97. Мевљан Таири | не е тука |
| 98. Вељо Тантаров | за |
| 99. Зоре Темелковски | воздржан |
| 100. Петар Талимџиоски | за |
| 101. Николина Трајаноска | не е тука |
| 102. Петре Трајаноски | за |
| 103. Милчо Трајков | не е тука |
| 104. Мирко Трипуновски | за |
| 105. Димитар Трпеновски | за |
| 106. Рами Туда | не е тука |
| 107. Блаже Филиповски | не е тука |
| 108. Сејфедин Харуни | не е тука |
| 109. Ќенан Хасипи | за |
| 110. Љубомир Чадиковски | воздржан |
| 111. Славчо Чапов | за |
| 112. Ванчо Чифлиганец | за |
| 113. Санде Џамбазовски | за |
| 114. Арбен Џафери | не е тука |
| 115. Алил Џафероски | не е тука |

116. Зоран Шапуриќ воздржан
117. Исни Шаќири не е тука
118. Амди Бајрам за
119. Ристо Трајков за

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 76 пратеници.

54 пратеника гласале за

2 пратеника гласале против

20 пратеника гласале воздржано.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 8 во новата алинеја 10-а, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

63 пратеника гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна.

Бидејќи имаме уште три точки, а некои пратеници бараа пауза, предлагам да продолжиме со работа.

Минуваме на **7-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за правата на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, со Предлог на закон.

IX/7.-

Предлогот за донесуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко ќе дадам една своја констатација на еден предлог кој е содржан во членот 5 и членот 25 што лично за мене е неприфатливо, а се однесува на синтагмата дека статусот воен инвалид им се признава на учесниците во војната во Република Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина во својство на припадник на вооружените сили на поранешната СФРЈ.

Зошто ова го проблематизирам?

Го проблематизирам од аспект на тоа треба точно да се констатира дека кој треба да им го признае овој статус на овие лица кои, де факто, беа присилно мобилизирани и кои како членови на таа бивша ЈНА вршеа агресија врз тие три држави кои се спомнати овде. Лично, по мое размислување, по она што е факт констатирам од сите асоцијации надворешни и објективни тој статус треба да им го признае таа држава која претендира да биде наследник на бившата СФРЈ, а не Република Македонија. Бидејќи тие граѓани на Република Македонија не биле во тие војни кои беа агресорски војни по тие држави по налог на Република Македонија или по налог на органи на Република Македонија. Па од овој аспект лично за мене оваа солуција е неприфатлива и мислам дека не и е местото во овој закон. Јас не предложив амандманот да се брише од причини што знам однапред каква ќе биде судбината на амандманот.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Сосема спротивно на мислењето на колегата што дискутираше пред мене токму за овој дел односно за глава 3 или точката 4 од членот 5, понатаму глава 4, тоа се новини. Фактички тоа се деца кои беа затекнати како војници во периодот по распадот на бивша Југославија, кои загинаат таму или беа ранети.

Исто така претходниот парламент беше сведок на тоа и сите почести му ги даде на македонскиот државјанин кој прв загина таму, тоа беше Сашо Гешовски од Кавадарци. Пред некој ден бевме сведоци на една емисија во која беа изнесени трагични моменти во нашата историја и треба да претставуваат долга историја. Се изземени оние војници кои доброволно останаа, а такви ние и ден денес ги имаме во Југословенската армија, но таков третман тие во овој закон не добиваат. Тоа е едната работа.

Втората работа што сакам да ја спомнам, тоа е глава 4, а она што досега го кажував беше во глава 3, семејствата тие војници кои загинаа таму, исто така добиваат посебен третман и средства за издршка им се даваат.

Гледајќи ги завршните одредби од законот и образложението Ѕе видиме дека денешниот буџет на РМ предвидува 57 милиони нови додатни средства, или 2 милиона ДМ кои се наменети баш за помош на дел од овие фамилии и кои секако ќе бидат задоволни од овој закон со што, барем колку толку добиваат една утеха во целата таа трагедија што ја имаат доживеано.

Законот во секој случај заслужува внимание и поддршка.

X/2.-

**ФЕРИД МУСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Дозволете ми да ја искористам приликата во мое лично име и во името на основната организација на Социјал демократскиот сојуз од Гостивар и граѓаните на мојата изборна единица, да му го честитам изборот на претседателот на Собранието на Република Македонија, г-динот Тито Петковски и да му посакам плодна и успешна работа во наредниот период и да го изразам моето длабоко уверение дека ова Собрание има сили и потенцијал да продолжи со започнатите реформски процеси во Република Македонија.

Што се однесува до предлогот за донесување на закон за правата на воените инвалиди, за членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, со Предлог на закон, по мое убедување е закон од големо значење бидејќи се регулираат и унапредуваат правата на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства.

Основните права на горенаведената категорија досега беа пропишани со сојузни закони, а сега со овој закон се уредуваат правата на единствен начин, со закон на РМ и се обезбедува континуитет на користење на право.

Сметам дека со овој закон ќе се обезбеди социјална и материјална заштита на лицата опфатени со досегашните прописи и лица кои ќе се стекнат со соодветно право пропишани со овој закон во рамките на материјалните можности на Републиката.

Посебно ги ценам напорите на Владата бидејќи со законот ќе се обезбеди континуитет рационалност и ефикасност во изградувањето на оваа заштита, во согласност на Уставот на Република Македонија и финансиските можности на нашата Република.

Почитувани пратеници, посебно сакам да го истакнам законското решение во овој закон во врска со користењето на здравствена заштита на воените инвалиди кои покрај здравствената заштита сега има права и на банско и на климатско и како продолжен вид на лекување, во траење од 21 ден во текот на годината. Ова право во последните години од 1991 до 1995 година не се остваруваше, а додека со овој закон повторно се враќа како право на воените инвалиди за чие користење ќе одлучува лекарска комисија.

Исто така со овој закон се враќаат и следните права кои не беа користени последните години и тоа: Право на бесплатно возење од местото до одредени центри, право на користење на бесплатно моторно возило кои ќе го имаат инвалидите од права категорија со оштетување на долните екстремитети, кое право може да го користат на секои 7 години. Понатаму со законот се пропишани и следните права: Инвалидски додаток, семеен додаток, додаток за нега и помош од страна на друго лице, детски додаток, професионална рехабилитација и т.н.

Од мај 1992 година нашата Република, после осамостојувањето, го презеде финансирањето на овие права од буџетските средства, но никако не се согласувам да не се регулира со овој закон посебната заштита на повредените и починатите припадници на бившата ЈНА, во војните во Република Словенија, Хрватска и БИХ и на членовите од нивните семејствава, што сметам како потег кој заслужува посебно внимание и нивните права да се регулираат со единствен закон на Република Македонија. Ова право е регулирано во глава 3 член 9 за кој зборуваа претходните дискутанти дека тоа не е регулирано.

Што се однесува до содржината на законот, немам забелешки и ќе го поддржам во целост овој законски проект.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Немав намера да дискутирам по овој закон бидејќи истиот целосно го поддржувам, во смисла овој Предлог на закон да значаи преземање од Република Македонија на задоволување на сите овие права кои порано ги имаа воените инвалиди и семејствата на паднатите борци од бившиот сојузен закон, што е позитивна и добра работа , што истите тие права сега се проширувaат и на планот на здравствената заштита и негата од трети лица и некои други социјални права.

Она што ми се случи како реалност и што е повод за мојата дискусија е апсолутното не согласување со дискусијата и предлогот на колегата Руфи Османи да отпадне делот на одредбите и членовите од овој закон кои се однесуваа на паднатите борци за време на распадот на Југославија и воените што се водеа во бившите ЈУ Републики, бидејќи како што ни е на сите познато првата жртва од овие војни во бившите ЈУ Републики беше Сашко Гешовски и со сите права семејството на истиот треба да ги стекне правата кои се веќе опфатени со овој закон, како и на сите други случаеви кои се паднати жртви од истите војни од бившите ЈУ Републики.

Со апсолутното не согласување со Предлогот на колегата Руфи Османи да отпаднат овие одредби и членови давам поддршка на законот и мислам дека има целосна потреба од донесување на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот закон.

X/5.-

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам да се провери бројот на пратениците присутни во салата, Во салата имаме присутни 5 9 пратеници, очигледно немаме кворум.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Во салата имаме присутни 61 пратеник.

Предлогот на заклучокот го ставам повторно на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? )Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара"збор , го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 10 став 4, на член 80 и на

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 4 поднесен член 99. од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 80 , поднесен од ЗПК

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 99 поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали некој има против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци.

Минуваме на **точка 8** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, на денешнава седница Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на нашето земјоделство.

X/8.-

Прво сметам дека се прави голема грешка што овој мошне значаен закон за нашиот аграр се носи по итна постапка.

Веднаш да кажам дека овој пат станува збор за законот со ко се укинува премијата за пченица , за законот со кој се регулира прашањето за регреси на каматите за земјоделски кредити за одредени земкултури и прашањето за регресите за одредени репроматеријали што се вложуваат во нашето земјоделство.

Со донесувањето на овој закон конечно нашиот аграр го бркаме од буџетот на нашава држава. Нашава држава пред 2-3 години го укина регресот за гориво за земјоделските трактори. Нашата држава дозволи тракторите да користат гориво по цени што важат за горивото за луксузните коли. Едните одат по асфалт а другите орат и сеат и плаќаат иста нафта. Тоа го нема никаде во светот.

Понатаму, сега се нуди и укинување и премијата за пченица, укинување на регресите на каматите за земјоделските кредити и во извесна смисла се стеснува и правото за користење на регреси за одредени репроматеријали.

Укинувањето на премијата за пченица ќе предизвика големи тешкотии во нашиот аграр. Премијата за пченица беше воспоставена уште пред десетина години и се даваше за да се зголеми производството на пченица и нашава држава да не биде толку зависна за леб односно лебот да зависи од увозот од пченица од Србија, Бугарија или другите земји кој извезуваат пченица кај нас.

Во изминатиот период,посебно станува збор за последните 3-4 години, со оваа поттикнувачка мерка, со премијата, како така ние како земјоделци докажавме дека во нашава држава имаме можности еден ден да се доближиме до онаа количина на пченица што е неопходна за нашата држава.

X/9.-

Во годината што измина,ако им веруваме на сите податоци што се добиени од нашите надлежни министерства се произведени околу 240 илјади тони пченица, односно толку пченица е донесена на откупните станици во сите мелнички индустрии во нашава држава, односно ако се знае податокот дека до 1990 година нашите вишоци на пченица изнесуваа најмногу до 140 илјади тони, сега имаме зголемување скоро за 100 илјади тони пченица.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (Продолжение)

Дали некој се уплаши од фактот дека наскоро нашава држава ќе го обезбеди лебот од сопствените ораници, е друго прашање што се обиде на ваков начин да ја укине премијата за пченица. Јас мислам дека укинувањето на премија за пченица ќе биде доста трагично за оваа култура и да не даваме многу црни прогнози, меѓутоа, еден ден ќе не снајде она што сега ги снаоѓа со лебот нашиве комшии. Некои овде пред 10-тина дена рече дека односно кажуваше се што направи Албанија на овој план, меѓутоа може да се каже тешко на Албанија со пченица, посебно кога во последно време дојде Македонија да го помага она што таму се случува со пченица.

Укинувањето на регресите на каматите исто така негативно ќе се одрази. Ние господо пратеници сме единствена земја во Европа која што за организирање на примарното производство на пченица, сончоглед, шеќерна репка и други култури што имаат посебно значење за нашето население немаме никакви кредити за организирање на ова производство. Примарната емисија одамна е укината. Со укинувањето на овие кредити односно на регресот на каматите на овие кредити ќе се најдеме во уште потешка состојба.

Со законот што е денеска понуден за изменување на законот за поттикнување на развојот на нашиот аграр меѓу другото се вели дека Владата на РМ има полно овластување ако се донесе овој закон да може сама да одредува за кои земјоделски репроматеријал ќе одобрува регреси, дали за минерално ѓубриво, хемија и ред други репроматеријали. Да кажам дека со тие досегашни неправди, со укинување на сите оние што им се дава награда за повеќе храна е отстранета и хемијата, таканаречените лекови за болестите, штетниците, плевелите на растенијата одамна ги нема. Јас како пратеник од едно

подрачје кои сега со измените на овој закон за оваа година ќе биде оштетено заради што нема премија за пченица со 5 милиони марки, не можам да гласам за овој закон и ќе гласам против овој закон. Сметам дека за овој закон денес што треба да го донесеме требаше да му дадеме една мала можност на новиот министер да ги анализираше состојбите во аграрот и во некоја друга прилика да разговараме по овој закон. Јас се надевам дека министерот ќе земе збор на оваа седница и ќе ни каже какви се неговите визии за решавање на оваа проблематика.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претреседателе, почитувани пратеници, јас категорички сум против за донесување на овој закон за поттикнување на развојот на земјоделието. Од едноставна причина, бидејќи по својата содржина на измените на членовите од постојниот закон овој закон фактички не значи поттикнување на развојот на земјоделието туку значи уназадување на земјоделието. Зошто? Како и претходниот мој колега и јас потекнувам од една земјоделска општина, како пратеник, и ги застапувам интересите токму на голем број на земјоделски производители кои со овој закон просто кажано се укинува премијата за пченица, се укинува регресот за репроматеријали и се укинува регресот за каматите на кредити користени за земјоделска намена.

Со законот се предлага сите овие укинувања кои се последична резултанта на макро економската политика Владата да одлучи за кои земјоделски производи ќе дава премија, за кои репроматеријал ќе дава регрес и за кои користени кредити ќе дава регрес на камата. Мислам дека тоа е еден преседан во парламентарната демократија и овој

законодавен дом, мислам дека треба веќе да прекине со таа пракса на пренесување на сопствените овластувања, на сопствените надлежности кои веќе со овој случај ги има регулирано на извршната власт односно на Владата за пренесување и на некои начин пренесување на локацијата на одлучување по прашањата кои по својата природа и во оваа земја РМ и во секоја држава се предмет на регулирање на законодавен орган, а не на Владата. Владата е извршен орган и предлагач на она што треба да го донесе законодавниот орган.

Мислам дека е многу лицемерие што и во образложението на законот се кажува дека овој закон меѓу другото се носи затоа што требало во иднина она што како подзаконски пропис ќе го донесе Владата ја стимулира со премија пченицата, а со истиот закон се укинува премијата на пченицата. Мислам дека е нон сенс да завршам, не можам како пратеник од земјоделска општина, се прашувам за другите пратеници кои исто така потекнуваат од такви општини, да не ги поименувам кои, да гласам за закон кој значи укинување на веќе стекнатите права, таму каде што многу пати сме констатирале дека е танко, најтанко односно во земјоделието.

Има збор министерот Параќеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Господин претседател, почитувани пратеници, мислам дека вендаш на ова што беше зборувано да кажам дека и во однос нас двете претходни дискусии ако создадеме одредени состојби во земјоделието, за некоја стратегија што треба да ја имаме понатаму можам и да се сложам, меѓутоа ако се осврнеме на тоа дека имаме конкретна работа,

имаме закон кој што е предложен односно предлог на измена и со предлог на закон, мислам дека треба да се задржиме на тоа. За првиот дел немам намера ниту сум се спремал ниту во овој момент сум спремен да говорам за тоа што треба и како треба на земјоделието, меѓутоа во однос на измените на законот мислам дека се тие во основа од две причини: прво е прашањето што има одредени сознанија како тоа во другите земји, пред се, во Европската унија се регулира ова прашање, и второ, кое што произлегува од веќе донесени одлуки на овој Парламент, во врска со макроекономската политика и со Буџетот на државата за 1996 година. Според тоа, мислам дека измените воопшто само соодветствуваат на насловот пред се на програмата која се однесува на целокупното земјоделие. Да не се сфати дека јас сум против пченицата, меѓутоа зошто не е ставено грозјето, каде што се набројани културите мислам дека некои култури неоправдано се исклучени од таму. Оваа регулација оваа формулација дава за право да се опфатат сите култури во одредени услови кога дојдат во одредена позиција да е потребна одредена интервенција во државата да може Владата како пофлексибилно тело каде што и процедурата е поедноставна, да можат да се прават вакви измени.

Инаку, заклучокот на Комисијата, а и на нешто Министерство е дека овој закон воопшто треба во целина да се измени и да се донесе за тоа решавачко влијание да има пазарот и науката.

Благодарам.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, и јас сакам да се произнесам во врска со овој закон кој ако го читаме насловот навистина е

добар закон за донесување, за поттикнување на развојот на земјоделието, меѓутоа, веднаш уште со читањето на потребите за донесување на законот гледам дека овој закон е порестриктивен од претходниот закон и ако апсолутно го прифаќам образложението што го кажа министерот, меѓутоа, навистина за мене јас исто така дискутирав при донесувањето на Буџетот, ако не се лажам, а ова што законот го предвидува во смисла на укинување на регресот за пченица и регресот на камати мислам дека не е во ред. Не е во ред во смисла на тоа што навистина ние сме мајстори некои култури, земјоделски да ги отстраниме од нашите полиња. Јас можам да ви кажам потекнувам од земјоделско подрачје, но знаете на времето во општина Струмица царуваше производството на памук, него веќе го нема. Ќе го нема и тутунот ако така се однесуваме, а веројатно дека некоја слична судбина ќе ја снајде и пченицата ако со такви мерки ние се залагаме во одредени периоди, со тоа што јас помнам пак ќе ја повторам една реченица што ја кажав и порано кога ние дававме налози, да не речам налози дури и молевме земјоделците да садат поголеми површини на пченица за да на некој начин го обезбедиме лебот како насушна потреба.

И, пак ќе повторам една работа луѓето, мислам земјоделските на некој начин се разочарани, тие сметаат дека се оставени сами за себе. И сега со овој закон на некој начин се дава удар врз нивната работа и мислам дека треба посериозно да се однесуваме и веројатно решението ќе биде во носење на нов закон каде што можеби овие мерки ќе добијат и поинакво решение отколку што се предвидува во овој закон. Свесен сум потполно при донесувањето на Буџетот практично е решен проблемот на регресот за пченица, но верувајте негативно ќе делува не на мене како пратеник, туку на овие луѓе кои еве и денес ова го слушаат, а како се чувствуваат.

Второ, треба да се позанимаваме со земјоделските производители, треба на некој начин да се овозможи почнувајќи од сеидбата на многу култури во нивното одржување и на крај особено пласманот. Оваа година јас се надевам според сите прилики, а мислам временски прилики очекувам дека ќе има добро производство, ако производите останат на нивите нема да биде добро за оваа Македонија.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас се извинувам што се јавувам втор пат, мислам дека, односно убеден сум дека за актуелниот министер овој предлог на закон е наследена работа, но би сакал, задржувајќи си го убедувањето дека овој закон нема да го гласам бидејќи е против земјоделието, дека е деструктивен за земјоделците, сакам актуелниот министер да го повикам на неговиот пример во образложението за позитивноста од донесувањето на закон, да во врстите на земјоделски производи кои што ќе бидат под премии биде и грозјето. За истата работа ќе го потсетувам повремено, периодично, и очекувам негов личен ангажман да истото во позаконските акти во Владата го издејствува, а тоа да се однесува, се разбира, и на регресите за користење на камати и кредити, залихите на вино.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господин претседателе, господа министри,господа пратеници, немав намера по оваа точка да дискутирам меѓутоа ме поттикнаа одредени дискусии, затоа одлучив да се јавам да прокоментирам околу оваа работа. Сигурен сум дека можеме многу да дискутираме што е тоа

што се можеме да му помогнеме на земјоделството преку одредени регреси, премии итн. Сигурно дека нема култура која ако дискутираме нема култура за која не се бара одредена премија, одредени регреси итн. Сето тоа мораме да сфатиме дека оваа држава, ние кога го гласавме Буџетот дискутиравме околу оваа работа што е тоа што може од приходите да се издвои за земјоделието, што е тоа што не може. Ние тогаш кога го славевме Буџетот без разлика дали гласавме едни вака, едни онака во целост се договоривме да го изгласаме Буџетот таков каков што е, односно оние финансиски средства кои се предвидени за аграрот. Зборувам за оние финансиски средства што се однесуваат на аграрот не зборувам за Буџетот, односно за другиот дел од Буџетот.

Средствата за исплатување на премии за пченицата не се предвидоа во Буџетот, не затоа што многу направивме за пченицата, не затоа што не ни треба пченицата, туку затоа што толку беа можностите на оваа држава да може да издвојува и затоа е тоа направено, а не дека некој не сака да има премија пченицата, дека некој не сака да има премија грозјето, дека некој не сака да има некоја друга бенефиција во земјоделството за било кој производ.

Регресите за камати, да се потсетиме, вие знаете тоа беа регреси кога имавме примарна емисија, средства од примарната емисија. Со укинувањето на примарната емисија се укинаа и регресите на каматите по кредити за одредени производи. Денешниот закон кој што ние го носиме, со тој закон ниту се даваат премии, ниту се укинуваат премии за одредени производи. Овој закон е малку пофлексибилен за да може во одредени периоди да може да се менуваат одредени субвенции, премии и тн. за одредени производи таму каде што ќе сметаме како држава дека се потребни. Само таа можност овој закон ја дава. Никаде во овој закон не пишува дека се укинува премијата за пченица, дека се укинува

премија за некој друг производ, или регрес за еден или за друг.

Ние како држава ќе мораме нешто друго да направиме во оваа област, ќе мораме да направиме нешто што можеме да го заштитиме нашето производство и без издвонување од Буџетот. Ние како да навикнавме да бараме само она што може да се добие готова пара од Буџетот, дали преку премија, дали преку регрес итн. Имаме икс можности кои што можеме со помалку или без тие пари да направиме нешто повеќе за нешто земјоделско производство, да не зборуваме сега за законот за заштита на домашното производство, подобра примена итн., контролиран увоз на одредени производи и н. кој што ќе можат директно да влијаат врз подобрување на сопственото производство. Уште еднаш сакам да напоменам дека овој закон, со овој закон не значи никакво укинување или давање на одредени премии или регреси туку само дава поголема флексибилност за одредени промени таму каде ќе има потреба да се интервенира.

Благодарам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, поттикнат од дискусиите овде на поедини колеги, сакам само со неколку зборови да укажам не неколку работи. прво, да расчистиме со една дилема кој го предложил овој закон и како го предложил. Сега моментално има Влада на РМ и претставник на таа Влада и дали е подоцна моментално таа Влада и тој претставник на Влада го застапува и дали имал време или немал време да го разгледа и дали се согласува со таа концепција навистина во овој момент не ме интересира како пратеник затоа што пред себе ја гледам како Влада на ЕМ.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (Продолжение)

Кога ја изгласавме Владата на Република Македонија, односно кога ја изгласавте, бев еден од оние кои гласаа против само од една од главните причини што немаше програма што во иднина ќе работи и врз основа на таа програма после извесен период да поднесе извештај што програмирале, а што извршиле.

Во склоп на тоа сега веќе веднаш на оваа седница се наметна прашањето дека се судруваме со проблемот и другите пратеници го мислеле тоа, се судруваме со проблемот дека не ја знаеле тогаш програмата односно немале видено програма на таа влада, па сега некои решенија не се совпаѓаат.

Кога веќе се однесува на ова прашање, првото прашање според мене што се наметнува по однос на предлогот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството е следново, дека не се расчистило со една идеологија која што била застапена кај нас повеќе од 50 години. Таа е дека во основа Владата ќе си има свои мезимчиња во државата и ќе си ги насочува сите свои законски норми кон тие свои мезимчиња. Кога го велам ова не е проблемот во тоа што ние сме немале во овој период од годината наназад регреси и премии во земјоделството, туку проблемот е каде се насочувани и кој ги користел. Имавме регреси за репроматеријали, регреси за камата. Прашајте ги колку земјоделци искористиле дел од тие регреси и камати. Ги упатуваа кон претпријатија што произведуваат одредени репроматеријали за потребите на земјоделието и тие еден вид кредит од државата без камата, неповратно ги користеа цел живот а земјоделецот немаше никаков корист од тие средства.

XII/2

Оттука, дилемата што пред мене се наметнува сега не е дали ќе има премии и регреси, туку проблемот е дали во оваа Влада имаат расчистено со едно, дали има критериуми и програма врз основа на која што ќе доделуваат премии и регреси?

Гледајќи го вака Законот ги поддржувам оние кои немаат доверба и нема да гласаат за овој закон од причини што,имено, со предлогот на законот што сега се предлага за измена, барем по моето убедување се сака наместо Парламентот, а со оглед на изместената основа сега што е на одлучување кај нас каде Владата се става во - однос на Парламентот над, Парламентот се става во една подредена функција, најверојатно се сака да се постигне тоа. Владата да биде таа што ќе располага со големи финансиски средства и како ќе одлучи без критериуми, без програма, без ништо да ги насочува тие средства А, Парламентот ја нема таа улога пошироко да контролира затоа што дозволила со едни измени на ваков закон да биде таа каде што ќе се одлучува каде ќе се наменуваат тие средства.

Јас сум убеден во едно дека во најскоро време откако ќе го усвоите овој закон Владата ќе донесе одлука да регресира одреден репроматеријали и ќе ги регресира во фабриките односно претпријатијата што ги произведуваат. Тие цени ќе бидат повторно повисоки од многуте на светскиот пазар и земјоделецот повторно ќе биде во незгодна ситуација. Не е прашањето дали ќе ја укинеме премијата за пченицата, туку е прашање на цената. Многу едноставно, догодина јас знам дека ќе има премија за пченицата, наместо до сега 10 денари цената ќе биде 9 денари и 1 денар премија. Ете, има премија.

Оттука, моето мислење и затоа сметам дека не би требало да се усвои овој закон само од причини што нема јасни критериуми што сака и

која е целта што со ова ќе се постигне. Според мене ќе повторам уште еднаш основната цел е да се сконцентрира моќта на одлучување за парите во една мала група што ќе седи во Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега да не излезе дека Полог не е земјоделски крај, јас би предложил еден компромис од следните причини, очигледно се работи за комплексна материја, многу тешка што често пати е стратегија на една држава. Мислам дека можеби премногу е претенциозен насловот на овој закон "поттикнување на земјоделството". Слушаме разни контрадикторни ставови и мислења. Не можеме и самите да се одлучиме. Ако јас сега се оптоварам со тоа дека родот од јаболката се уште не е продаден, по разна вина, кого да кривиме, и што мислам дека ќе биде добро ако ние го прифатиме првиот дел дека има потреба од донесување на закон за унапредување на земјоделието, без да изгласуваме и донесуваме денеска закон. Ќе добиеме во време, ќе се подготвиме и малку оваа атмосфера би ја релаксирал со тоа што повеќето од вас искористивте можност да упатите разни честитки за разни празници. Јас ќе упатам честитка на сите жени во нашава држава по повод утрешниот празник и да овозможиме да имаат повеќе денови во годината а не само утрешниот.

Нека им е со среќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Димов.

XII/4

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Моите забелешки можам да ги ставам во три точки.

Првата точка, многу забележливо и многу повторливо е дека како Собрание донесуваме закони каде нашите овластувања ги донесуваме на Владата. Наместо со закони да ја регулираме материјата ние ја овластуваме Владата да донесува дефакто закони за регулирање на материјата. Кога се знае дека Владата единствена задача има да спроведува закони. Ништо не е различно ни во овој закон.

Втора забелешка, јас сметам дека нам земјоделието ни е многу подобро од квалитетот на оваквите закони за стимулација. Мислам дека многу повеќе ќе му помогнеме ако овакви закони за стимулација и нема.

Исто така, забележливо е дека Владата со предлагањето на овој закон покажува уште еднаш дека нема стратегија ниту за развој на земјоделието како што нема стратегија за развој на целокупното стопанство, ако се види ова што се предлага.

Исто така, сметам дека ако зборуваме за поттикнување на земјоделието, сегментот на пазарот на тоа земјоделие воопшто никаде не е спомнато, ниту елаборирано во овој или било кој друг закон. Не ожеме да зборуваме и да зборуваме дека сме задоволни со оваков закон во кои што премолчуваме што Владата направила за отворање на пазарите познати каде сме ги имале, каде сме ги немале за земјоделските производи. Мислам дека многу малку на ова поле се работи. Сигурно тука има и објективни околности, но сметам дека во таа смисла треба да се прават напори. Исто така сметам дека најголема

помош на земјоделието е да не му се помага, туку да прекинеме да му одмагаме. Со тоа најмногу ќе му помогнеме.

Сметам дека заради доброто на земјоделието што сигурно секој предлагач на закон го сака, не сметам дека Владата не сака добро на земјоделието, сметам дека Законот за поттикнување на земјоделието односно неговите измени нека биде во контекст на некој закон за поттикнување на развојот на целата економија. Зошто токму на земјоделието бидејќи тие две работи се врзани. Сметам дека ако се донесе некој закон треба да биде малку подобро подготвен и на крајот, сметам дека Владата треба да го повлече овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Абди Фаик.

**АБДИ ФАИК:**

Господине претседтеле, дами и господа пратеници,

Иако немам многу внатре овде колеги пратеници, јас би сакал да кажам нешто по оваа материја иако не сум од селско стопански производ таму, од селско подрачје, не ме изгласаа и тн. Само да ви кажам дека едно време во тој трул социјализам имав 18 села таму од Горно и Долно Блаце, до Танушевци, Малино и Брест, па затоа колку толку познати ми се работите. А, бидејќи живеам како и сите вие од она што земјата раѓа би сакал нешто да кажам.

Иако доаѓаме до одредени контрадикторности, околу развојот на земјоделците, јас мислам дека нашата Влада и ние како Парламент, не само Владата е крива, туку сите ние, мора да знаеме дека од вкупно земјоделско обработливо земјиште 655.891 хектар се е искористено, се може да се користи и останува 32% во угари  и необработени ораници и

бавчи. Ова е материјал од Министерството за земјоделие. Да не кажувам колку тони се произведува годишно пченка, пченица. Потребите се од 300 до 320 тони а се произведува од 160 до 180, па недостаток 120 тони, па лани имавме родна година 321 тон и н. целата борба е борба за храна луѓе. Мислам дека треба нашата Влада, нашето Министерство да предложи една комплетна програма како нашето обработливо земјиште до крај да се искористи, да произведеме производство и да видиме овие што бегаат за Австралија, Америка и Канада ја напуштаат земјата и знае Мариово што е во овој момент, да видиме што е тоа што може да произведеме, дали ни е потребно и дали може да опстанеме. На пример ако годишно производство на пченка се движи околу 100 илјади тони до 130 илјади тони,имаме недостиг на добиточна храна. Фабриките ги прогласуваат за добиточна храна. Од каде од увоз, даваме пари итн. Не се работи, не е целата работа во Буџетот и регресите итн.

Сега, кога зборуваме за Буџетот и за регресите, поголеми помали, треба некаде да закинеме на друг да дадеме. Ако се сеќавате пред 3,5 - 4 години донесовме закон за формирање агро берза што ќе функционира воопшто. Што стана со Источна Македонија, со Струмица, делот што дава раноградинарски култури? Овде имам податоци за се што се произведува во РМ, сите вие го имате ова, за жал ако не сте го прочитале прочитајте го затоа што го имате сите и ќе дојдете до еден заклучок дека како држава, да не речам ама воопшто не мислиме на она од што зависиме. Дали може без увоз на она она што е најпотребно за храна, за исхрана на нашето население? Мислам дека не се води сметка за тоа. Нема смисла да зборувам со полоши зборови, затоа што јас знам и поинаку да зборувам за оваа проблематика, ама народот е ставен во една голема шах или мат позиција и плаќаме нешто што го имаме тука

пред очи. Купуваме нешто што нашето пропаѓа итн. И телевизијата и радиото секој ден бројат кои се производи гнијат заради тоа што немаат пласман.

Најголем проблем е агроберзата и агротехничките мерки. А, за премирање на извозот, премирање на производството најдете начин како да создадете нова вредност па да премирате, а не да земаме од една страна да даваме на друга страна. Што сме направиле

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесуваше на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството со Предлог на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (45 пратеници)

Дали има некој против?(3 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(7 пратеници)

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата?

Во салата се присутни 58 пратеници.

Молам да се информираат пратениците да влезат во салата.

Ги молам координаторите да обезбедат присуство на пратениците бидејќи се тука. Треба да бидат во салата.

XIII/1/ПЈ/л ј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање уште еднаш.

Молам, кој е за, нека крене рака?

(Пратениците креваат рака)

50 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

2 пратеници гласаа против.

Дали има некој воздржан од гласање?

8 пратеници се воздржуваат од гласање.

Молам, уште еднаш да се изврши пребројување на гласовите.

Од извршеното пребројување на пратениците во салата, се констатира дека го нема мнозинството на пратеници со кои би се извршило гласањето.

Бидејќи немаме кворум, ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме со оваа седница на 13 март 1996 година.

Седницата прекина со работа во 15,35 часот.